Од увидот во доставената ажурирана геодетска подлога во електронска форма на која е нанесен планскиот опфат и добиените информации по електронски пат од Службата за просторно информативен систем од 12.04.2023, утврдено е дека низ предметниот проектен опфат поминуваат **3 непостојани водени текови**. Потребно е при изготвување на проектната документација, согласно Законот за води(Сл. весник на РМ бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/2016 и 151/21) треба да бидат исполнети следните критериуми:

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е , освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон, изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, односно нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50м зад линијата на допирање на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините и советот на град Скопје на предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

- Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објекти и постројките
- Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индирекно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанци
- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, се забранува:
  - Да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и да се предизвика ерозија или се оневозможи користење на водите

- Да се менува правецот на водотекот без согласност на Управата за Животна средина – Сектор води
- Да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците без одобрение

- Да се копаат прокопи и канали по должина на насипот на коритото поблиско од 10м од внатрешната страна и 10м од надворешната страна на ножицата на насипот
- За постоечките канали потребно е слободен пристап по 5м лево и десно од надворешната страна на ножицата на насипот

Воедно, Ве известуваме дека согласно Законот за води, Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите.

Во однос на непостојаните водотеци кои поминуваат низ проектниот опфат, потребно е да бидат опфатени во текстуалниот дел на проектната документација и да се исцртаат во графичкиот прилог со крајбрежен појас од 50метри зад линијата на допирање на педесетгодишната вода кај нерегулиран водотек, односно зад ножицата на насипот кај регулиран водотек, дефиниран врз основа на хидролошки податоци и хидраулички анализи.

Воедно, Ве известуваме дека за секое користење на вода и испуштање на водите, потребно е остварување на водно право, за што Министерство за животна средина и просторно планирање издава Дозвола за користење на вода и Дозвола за испуштање во водите во постапка пропишана согласно Законот за води.

Исто така, Ве известуваме дека планскиот опфат не е во рамки на предвидените акомулации согласно Водостопанската основа на Република Македонија.

Ве информираме дека Министерство за животна средина и просторно планирање не може да се произнесе по однос на местоположбата на постоечки или планирани инфраструктурни инсталации на планираниот опфат, затоа што не располага со таков вид на податоци и не управува со истите. Според одредбите од Законот за регистрација на подземни и надземните инфраструктури ни објекти и придружни инсталации (Сл. весник на РМ бр.6/12)општините, општините во град Скопје и градот Скопје се одговорни да водат евиденција и да воспостават Регистар на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации секоја за своето подрачје. По однос на постојните водостопански објекти во склоп на системите за наводнување и системите за одводнување, надлежен правен субјект кој управува со истите е АД Водостопанство на РСМ.

6.12 Електроенергетски

Во граници на планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип за објекти и инсталации на постојна електроенергетска инфраструктура добиени се податоци од :

- ***АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ (бр.08-2942/1 од 17.05.2022)***

Согласно Вашиот допис број 0302/400/3 од 21.02.2023 год. (број на постапка во е-урбанизам 49835) испратен по електронски пат, а во врска со изработување и одобрување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип, ве известуваме дека на предметниот плански опфат АД ЕСМ **не располага** со било какви податоци и информации.

- ***МЕПСО (бр.11-2083/1 од 31.03.2023)***

Врз основа на вашето барање бр. 0302/400/3 од 21.02.2023 год за податоци и информации потребни за изработување и одобрување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА со ЕЕ** објекти во сопственост на АД МЕПСО.

- ***ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ (бр.10-25/3-121 од 3.03.2023)***

Во врска со Вашиот допис 0302/400/3 од 21.02.2023 год., со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРООДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција на предметната локација **НЕМА наши ел.** енергетски инсталации.

6.13 Сообраќајни

До планскиот опфат се пристапува од некатегоризиран пат КП 993, КО Криви Дол (јавен пат).

Во граници на планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип за објектите и инсталации на постојна сообраќајна инфраструктура добиени се податоци од :

- ***Јавно претпријатие за државни патишта на РСМ (бр.10-3031/2 од 05.04.2023)***

Врз основа на Вашето барање бр. 0302/400/3 од 21.02.2023год за добивање податоци и информации за постојни и планирани инфраструктурни водови и градби потребни за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип, Ве известуваме дека предметниот проектен опфат **не граничи со државен пат** кој е во надлежност на ЈПДП.

- ***Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на РСМ-Скопје (бр.2001-845/2 од 10.03.2023)***

Во врска со вашето барање бр. 0302/400/3 од 21.02.2023год, и бр. на постапка 49835 од е-урбанизам, со кое барате да Ви доставиме податоци и информации , а кое Ви е потребно за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип, ЈП ЖРСМ Инфраструктура -Скопје – Ве информира следното:

По разгледување на вашето барање и доставената Ажурирана геодетска подлога, констатравме дека проектниот опфат се наоѓа **надвор од заштитниот појас на железничката пруга**, на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во наша сопственост.

- ***Агенција за цивилно воздухопловство (бр.12-8/241 од 21.02.2023)***

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, ве известуваме дека стручните служби во агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип при што утврдија дека во предметниот опфат нема објекти, инсталации , уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а градбите во планскиот опфат не преставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на

цивилниот воздушен сообраќај, поради што м**оже да се планира без посебни услови и ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

6.14 Телекомуникациски

Во граници на планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип за објектите и инсталации на постојна телекомуникациска инфраструктура добиени се податоци од :

- ***Македонски Телеком АД Скопје (бр.49835 од 22.02.2023)***

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е- урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат **нема постојна** МКТ инфраструктура

- ***А1 Македонија ДООЕЛ, Скопје (бр.11-2115/1 од 11.04.2023)***

Во врска со Вашето барање, за доставување на податоци и информации од општини/институции поднесено преку системот е-урбанизам со број на постапка 49835 креирано на 21.02.2023 год. и наслов Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип, доставено до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Ве известуваме дека во предметното подрачје на опфатот кој е доставен до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, **немаме постојни подземни**/надземни инсталации и воедно издаваме позитивно мислење.

- ***Агенција за електронски комуникации***

Од Агенција за електронски комуникации не се добиени податоци. Испратено е барање во ПИМ постапка бр. 49835 на 21.02.2023 год преку e-urbanizam.

- ***Министерство за внатрешни работи на РСМ – Оддел за информатика и телекомуникации – Сектор за телекомуникации (бр. 11.2.35190/2 од 03.04.2023)***

Во врска со Вашето барање, Ве известуваме дека за посочената локација Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип **немаме податоци** за постоење на наши инсталации. Доколку во текот на изведување на градежните работи се појават телекомуникациски инсталации, задолжително да бидеме информирани.

- ***Министерство за одбрана на РСМ – сектор за недвижности***

Од Министерство за одбрана на РСМ не се добиени податоци.
Испратено е барање во ПИМ постапка бр. 49835 на 21.02.2023 год преку e-urbanizam.
Испратено е Барање за податоци и информации преку архива Наш бр. 0302/400/7 на 30.03.2023.

6.15 Гасификација

Во граници на планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип за објектите и инсталации на постојна гасоводна инфраструктура добиени се податоци од :

- ***НОМАГАС АД-Скопје (бр.15-1628/2 од 23.03.2023)***

Согласно вашето барање за податоци и информации бр. 0302/400/3 од 21.02.2023 за изготвување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25,

27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип, НОМАГАС АД Скопје ве известува дека на наведениот плански опфат **нема и не е планирана изградба** на гасоводна мрежа.

6.16 Останата инфраструктура

Во граници на планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип за објектите и инсталации добиени се податоци од:

- ***Дирекција за заштита и спасување - Сектор за Оперативна и Логистика, Подрачно одделение за Заштита и Спасување-Штип (бр.09-40/2 од 22.02.2023)***

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување **не располага ниту има податоци** за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип

Дирекцијата за заштита и спасување ви доставува претходни услови за заштита и спасување со цел истите да се вградат во изработката на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип

- ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ- Сектор за регистрирање, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост (бр.40-2692/3 од 09.03.2023)***

Во врска со вашето Барање за податоци и информации под бр. 0302/400/4 од 27.02.2023 год, за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип Ве информираме за следново:

- Согласно доставената документација и увид во истата констатирано е дека според Имотните листови бр.121 за КО Доброшани, предметното земјиште на КП 25, КП 27, КП 46, КП 47 и КП 70 викано место Русева Чешма и Чаир Јери, катастарската култура нива, пасиште, кататсарска класа 5 / 6 се во приватна сопственост.
  Во колона Г9 други факти има Долготраен закуп за земјиште на КП 25, 27, 46, 47 и 70.
- Според имотниот лист бр.4 за КО Доброшани, предметното земјиште на КП 40 м.в. Русева Чешма, катастарска култура гнз е во државна сопственост, бидејќи е градежно земјиште Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство не е надлежно за истото.
- Според имотниот лист бр. 1 за КО Доброшани, предметното земјиште на КП 41, КП 57 и КП 83 м.в. Чаир Јери и Слатино, катастрската култура пасишта, катастарска класа 5 и 6 се во државна сопственост, за истото треба да се обратите во ЈП Стопанисување со пасишта.
- Според ИЛ бр. 48, Криви Дол, предметното земјиште на КП 646, КП 647 и КП 648 м.в. Дамјанец, катастарската култура нива и камењар, катастарска класа 6 се во државна сопственост.
- Според известувањето од ПЕ Штип под арх. Бр. 56-78/2 од 07.03.2023 за катастарските парцели 646, 647 и 648, Министерсвото за земјоделство, шумарство и водостопанство нема склучено договор за закуп.

Воедно напоменуваме дека меѓу приоритетите на 648, Министерсвото за земјоделство, шумарство и водостопанство е заштита на земјоделското земјиште, а особено ограничување на трансформација на земјиштето од 1-4 катастарска класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

- ***ЈП за стопанисување со пасишта (бр.03-112/2 од 11.08.2023)***

Во врска со вашето барање бр.0302-400/9 од 30.03.2023 за изработување на УП за фотоволтаици и соларни електрани во КО Доброшани и КО Криви Дол општина Штип, ЈП за пасишта Скопје Ве известува дека според податоците со кои располага Подружницата Штип за наведените парцели немаме склучено договор.

Напоменуваме дека согласно Законот за пасишта, приоритет на јавното претпријатие за стопанисување со пасишта е да се стопанисува со пасиштата во државна сопственост така што да се сочува нивната површина и да се зголеми нивната вредност, да се обезбеди најголем прираст на трева според природните услови, посебно имајќи ја предвид приоритетната определба на просторниот план за заштита на земјоделското земјиште и стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од 1-4 класа за неземјоделско користење и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

- **Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор природа (арх.бр.11-2445 од 25.07.2023)**

Во врска со доставениот допис со акт(бр. 11-2445/1 од 30.03.2023) од страна на Тектон Дооел од Скопје, кој се однесува на барање на податоци и информации за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип, Управата за животна средина како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање од аспект на своите надлежности од областа на заштита на природата и увидот на доставената документација, Ве известува за следното:

Просторот на предметниот плански опфат зафаќа дел од Емералд подрачјата ,,Овче Поле" и ,,Богословец", кои се дел од националната Емералд мрежа, која опфаќа подрачја од посебен интерес за зачувување(ASCI). Овие подрачја се назначуваат со цел зачувување на мрежата на природни живеалишта и се воспоставуваат на територијата на земјите членки на Бернска конвенција (Конвенција за зачувување на дивиот свет и природните живеалишта во Европа) која е ратификувана од нашата држава.

- **Општина Штип (бр.УП 18-2785/3 од 18.04.2023)**

Врз основа на член 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на СРМ 32/20) во сисем е-урбанизам преку број на постапка 49835 – Постапка за податоци и информации, поднесено е барање за податоци и информации со кои располагаме за дадениот проектен опфат за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип,

Ве известуваме дека за дадениот плански опфат **немаме важечка урбанистичка документација**.

- **(бр. 18-3740/2 од 8.06.2023)**

Општина Штип **е согласна за изготвување на** Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип и изградба на фотоволтаична централа во посочените катастарски општини.

7. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, СО АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМИ И СОСТОЈБИ ВО ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, СО АНАЛИТИЧКИ ОСВРТ НА СОСТОЈБИТЕ ОД СОСЕДНИТЕ ПЛАНСКИ ОПФАТИ

За планскиот опфат нема важечка урбанистичка документација за што општина Штип има дадено Одговор на барање на податоци и информации (бр. УП 18-2785/3 од 18.04.2023).

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип ќе се изработи врз основа на Услови за планирање за површинските соларни и фотоволтаични електрани, КО Доброшани и КО Криви Дол – општина Штип кои произлегуваат од Просторен план на РМ (Тех. бр. Y16123, април 2022) и Решение за Услови за планирање на просторот (Арх. бр. УП1-15 826/2023 од 18.04.2023) од Министерство за животна средина и просторно планирање на РСМ.

8. ОЦЕНКА ЗА МОЖНОСТИТЕ И ОГРАНИЧУВАЊАТА НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО ПРОГРАМСКИ ПРОЕКЦИИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД АНАЛИЗАТА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ПРОСТОРОТ

На европската соларна мапа територијата на Република Северна Македонија покажа импресивни соларни капацитети. Анализите покажуваат дека поголемиот дел на земјата поради поволната географска положба, како и поради оптималната надморска височина (600-800 метри), е подложен на високо ниво на сончево зрачење.

Имајќи во предвид дека Република Северна Македонија располага со значителен природен потенцијал за производство на соларна електрична енергија, развојот на фотонапонските капацитети е не само национален интерес, туку и интерес на локалната самоуправа, бидејќи на овој начин се овозможува ефективна оптимизација на локалната енергетска инфраструктура, а притоа се намалува ризикот од еколошки катастрофи. Позитивните ефекти од имплементирањето на овие стратеги се темели на ресурсите од овој вид со кои располага нашата држава, економските и енергетските заштеди кои се генерираат, како и позитивниот импакт врз заштитата на човековата околина.

Со изградба на ваква фотоволтаична централа за производство на електрична енергија ќе се постават добри темели за остварување на развојните цели на РС Македонија во областа на одржливиот развој и намалувањето на емисии на стаклени гасови во атмосферата.

За да се одреди избегнатата емисија, се споредува со емисијата која би се создала доколку се користи јаглеродно гориво или природен гас за производството на електрична енергија еднакво на она што го произведува фотоволтаичната централа.

Заменето гориво	Средно годишно производство на енергија	Фактор на емисијата	Годишни избегнати емисии	Вкупни избегнати емисии
	kWh	kg CO2 / kW	t CO2	t CO2
Јаглен (η=35,5)	116.748.323	0.976	113.946,00	2.848.650
Природен гас (η=51%)	116.748.323	0.395	46.115,00	1.152.875
Сончево зрачење	116.748.323	/	/	/

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

Центар на макрорегион

Центар на микрорегион

Центри на просторно-функционални единици

Управа

Просторно-функц. единици

Граници на влијанија на макрорегион. центри

Општински центар

Образование

Средно Вишо Високо

Здравствена заштита

2 Секундарна 3 Терцијална

Оски на развој

источна

југ-југ

север-југ

јужна

северна

западна

Слободна економ.зона

Автопат

Магистрален пат


Регионален пат

Железничка мрежа

Воздухоплов. пристан.

Стопански аеродром

Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



К.О. КРИВИ ДОЛ

К.О. ДОБРОШАНИ

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83,КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Кривиот Дол општина Штип

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

ЛЕГЕНДА :
- граници на катастарска парцела
- граници на катастарска општина
- број на К.П.
- изохипси
- кота на терен

ТЕКТОН	**ТЕКТОН дооел - Скопје** Работилница за архитектура, урбанизам и дизајн бул. "Партизански одреди" бр.5/1/1 - 1000 Скопје, тел. +389 2 3117 000, факс +389 2 3117 100 e-mail: tektonskopje@tektonskopje.com	ОДГОВОРЕН ГИП Ивана Илијовска Ивановска дипл.инж.арх.
ИНВЕСТИТОР	**ДПТ „ БИГ ВИТА МАКЕДОНИЈА - ШТИП СОЛАР ОНЕ ДООЕЛ Скопје**	ГИП Доброшани и КО Кривиот Дол Ивана Ивановска
ПРОЕКТ ЗА ЈАВНА ДОБИВКА	Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83,КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Кривиот Дол општина Штип	
ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ	**ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ**	
ПРОЕКТ	ФАЗА: Урбанистички проект	РАЗМЕР: 1:5000	ДАТУМ: Мај 2023	ОРИЕНТАЦИЈА (A3): A0/A3	ЛИСТ: 01/2

К.О. КРИВИ ДОЛ

К.О. ДОБРОШАНИ

1
H3

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83,КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Кривиот Дол општина Штип

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
ГРАНИЦА НА ПАРЦЕЛА
1 НУМЕРАЦИЈА НА ПАРЦЕЛА

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

H3	НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	851 242m2(100%)
ПЛАНСКИ ОПФАТ		851 242m2(100%)

ГАЗ И Геотехник	ТЕКТОН дооел - Скопје Ул.ул.бр.1 Бр.1 Влез 1 Локал 1 Скопје Зп 1000 тел/факс: +389 2 3116161 / +389 72 447742 e-mail: info@tektonmk.com	УРБАНИСТ Ивана Исламовска дипл.инж.арх.
ИНВЕСТИТОР	ДПИ „ БИГ МЕТА МАКЕДОНИЈА - ШТИП ССИМ ОНЕ ДООЕЛ Скопје	ЛОКАЦИЈА Урбанистички план за КО Кривиот Дол општина Штип
НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ	Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83,КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Кривиот Дол општина Штип	СОДРЖИ ПОСЕДНИК
НАСЛОВ НА АРТ ПЛАНОТ	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ ВО ОПФАТОТ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН	
ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР	Ивана Исламовска дипл.инж.арх. 020 A/0125 Д.Н. 01/00	ПОСЕДНИК
СОРАБОТНИЦИ	Александра Стојчева дипл.инж.арх. 020 A/0125 Д.Н. 01/00	
ОБЈЕКТ УП	ФАЗА Работна верзија	РАЗМЕР 1:5000
	ДАТУМ Септември 2022	ЛИСТ БР. Бр.1

2. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

2.1ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕ НА ПЛАНСКИ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

Предмет на оваа техничка документација е изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип.
Планскиот опфат се наоѓа северозападно од град Штип. Пристап до него е од северната страна од КП 993, КО Криви Дол (јавен пат).
Надморска висина во граници на планскиот опфат е од 294 до 378мнв.
Планиран плански период на УППГДЗ е 2023-2033г.

2. ПРЕЦИЗЕН ОПИС НА ГРАНИЦАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СПОРЕД ГРАНИЦИТЕ НА КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ СО КОИ СЕ СОВПАЃА, РЕГУЛАЦИОНИ ЛИНИИ, ОСКИ НА УЛИЦИ ИЛИ ДРУГИ ЕКСПЛИЦИТНИ ЛИНЕАРНИ СИМБОЛИ НА ГЕОДЕТСКАТА ПОДЛОГА

Површина на планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип е 851 242м²
Кординати на граници на проектниот опфат се:

X=7589591.2500 Y=4626935.0300
X=7589776.3300 Y=4626835.7400
X=7589839.5700 Y=4626809.9700
X=7589910.4900 Y=4626801.8400
X=7589918.5000 Y=4626800.5900
X=7589952.3900 Y=4626799.0500
X=7589994.7400 Y=4626776.2800
X=7589974.9000 Y=4626762.0200
X=7590023.1100 Y=4626690.7400
X=7590072.5100 Y=4626660.8200
X=7590032.1500 Y=4626611.0000
X=7590061.0300 Y=4626574.9300
X=7590103.1500 Y=4626615.0200
X=7590126.0700 Y=4626593.5900
X=7590128.4500 Y=4626603.1400
X=7590130.9500 Y=4626609.0500
X=7590134.1800 Y=4626614.4800
X=7590136.2400 Y=4626618.0100
X=7590143.3300 Y=4626626.7000
X=7590147.6800 Y=4626631.7000
X=7590151.5500 Y=4626635.7100
X=7590153.7200 Y=4626637.3600
X=7590159.4000 Y=4626642.1000
X=7590163.4500 Y=4626644.7500
X=7590166.2100 Y=4626645.8100
X=7590173.7200 Y=4626645.8100
X=7590176.4200 Y=4626645.1700
X=7590180.5700 Y=4626644.1100
X=7590183.8000 Y=4626643.7600
X=7590188.4400 Y=4626644.0500
X=7590193.3500 Y=4626644.7500
X=7590204.2100 Y=4626647.5200
X=7590216.6600 Y=4626648.7500
X=7590223.7000 Y=4626648.2200
X=7590229.2800 Y=4626646.6300
X=7590232.1500 Y=4626644.5800
X=7590272.9800 Y=4626680.7400
X=7590295.5300 Y=4626708.6000
X=7590286.1000 Y=4626720.2700
X=7590280.9700 Y=4626797.9900
X=7590286.6700 Y=4626816.9800
X=7590308.5000 Y=4626826.6400
X=7590330.1600 Y=4626785.9200
X=7590343.5200 Y=4626770.3600
X=7590362.5200 Y=4626651.9900
X=7590340.3200 Y=4626639.7600
X=7590316.0600 Y=4626613.7400
X=7590314.7800 Y=4626579.0900
X=7590307.0400 Y=4626553.6000
X=7590299.6500 Y=4626525.0700
X=7590287.7400 Y=4626497.9600
X=7590210.0900 Y=4626507.6100
X=7590192.7300 Y=4626542.2400
X=7590167.4800 Y=4626516.0200
X=7590144.0900 Y=4626497.5100
X=7590169.2600 Y=4626467.4200
X=7590197.4500 Y=4626423.2400
X=7590222.8800 Y=4626379.1800
X=7590232.0100 Y=4626363.3500
X=7590227.9800 Y=4626360.8500
X=7590215.8300 Y=4626362.9200
X=7590200.3300 Y=4626357.9900
X=7590187.4900 Y=4626351.2100
X=7590207.0800 Y=4626343.2100
X=7590234.8700 Y=4626297.3800
X=7590263.6300 Y=4626237.5200
X=7590294.2087 Y=4626189.2151
X=7590261.4939 Y=4626155.3304
X=7590137.1101 Y=4626096.1938
X=7590077.9905 Y=4626071.8678
X=7590017.3145 Y=4626056.1338
X=7590000.3700 Y=4626097.9400
X=7590000.0000 Y=4626098.4600
X=7589970.7800 Y=4626138.7900
X=7589941.9200 Y=4626153.4500
X=7589907.9300 Y=4626177.3600
X=7589878.1200 Y=4626166.8300
X=7589863.4400 Y=4626203.6100
X=7589830.4000 Y=4626277.1900
X=7589802.0500 Y=4626337.1000
X=7589770.2900 Y=4626394.6800
X=7589744.0200 Y=4626440.7500
X=7589707.9900 Y=4626508.5600
X=7589690.7700 Y=4626443.6000
X=7589695.0400 Y=4626420.9000
X=7589706.9400 Y=4626406.5100
X=7589733.6200 Y=4626392.8500
X=7589758.5400 Y=4626371.7600
X=7589783.1200 Y=4626336.4100
X=7589797.4800 Y=4626306.3700
X=7589798.9900 Y=4626278.2100
X=7589774.1500 Y=4626160.6300
X=7589779.0200 Y=4626133.2000
X=7589765.0200 Y=4626070.5100
X=7589745.1700 Y=4626023.8700
X=7589730.9800 Y=4626000.0000
X=7589717.3400 Y=4625977.0600
X=7589721.9200 Y=4625956.6800
X=7589797.5000 Y=4625856.8400
X=7589808.5400 Y=4625815.4300
X=7589791.5000 Y=4625789.3100
X=7589764.0200 Y=4625817.1100
X=7589684.6200 Y=4625908.6000
X=7589619.4100 Y=4625984.8400
X=7589560.8800 Y=4625988.0700
X=7589540.7700 Y=4625975.3000
X=7589514.0500 Y=4625963.5100
X=7589467.5800 Y=4625978.0100
X=7589432.8200 Y=4625971.2400
X=7589356.1600 Y=4625954.1500
X=7589333.8700 Y=4625949.9600
X=7589311.3100 Y=4625961.5200
X=7589303.0500 Y=4625998.4100
X=7589303.0400 Y=4626000.0000
X=7589302.4300 Y=4626094.0600
X=7589306.4900 Y=4626147.4500
X=7589301.1200 Y=4626205.1000
X=7589278.2800 Y=4626246.4000
X=7589245.1400 Y=4626327.0100
X=7589230.9700 Y=4626393.0400
X=7589238.7900 Y=4626407.8200
X=7589287.5200 Y=4626436.3100
X=7589306.9700 Y=4626463.4400
X=7589322.3900 Y=4626498.4500
X=7589329.0900 Y=4626535.3200
X=7589324.0700 Y=4626590.8900
X=7589314.2600 Y=4626628.6700
X=7589292.7800 Y=4626678.6500
X=7589283.7000 Y=4626711.8900
X=7589242.8200 Y=4626701.7200
X=7589229.8900 Y=4626699.9800
X=7589207.9900 Y=4626709.4700

X=7589164.8500 Y=4626743.2600	X=7588951.0500 Y=4627107.0000	X=7589066.0600 Y=4627181.8900
X=7589139.0600 Y=4626771.9000	X=7588956.5000 Y=4627119.8600	X=7589074.3900 Y=4627181.5900
X=7589044.5500 Y=4626850.2400	X=7588961.0200 Y=4627127.5500	X=7589037.2600 Y=4627098.1000
X=7588980.3900 Y=4626880.9200	X=7588966.8200 Y=4627132.6800	X=7589104.1800 Y=4627057.3800
X=7588941.3100 Y=4626892.0300	X=7588975.7900 Y=4627135.8500	X=7589160.2000 Y=4627027.1100
X=7588887.1300 Y=4626878.1500	X=7588984.6300 Y=4627140.9600	X=7589187.6300 Y=4627022.4700
X=7588887.9700 Y=4626901.8000	X=7588990.6900 Y=4627148.8600	X=7589251.4600 Y=4626992.6800
X=7588885.6400 Y=4626932.7500	X=7588995.7800 Y=4627157.9600	X=7589505.7500 Y=4626919.9200
X=7588887.9000 Y=4626952.8200	X=7588999.5400 Y=4627162.2700	X=7589507.1800 Y=4626935.9800
X=7588919.1000 Y=4627020.5600	X=7589005.1100 Y=4627163.4300	X=7589510.4200 Y=4626950.3200
X=7588912.1300 Y=4627056.1500	X=7589014.4300 Y=4627163.0600	X=7589515.5200 Y=4626967.6400
X=7588924.0900 Y=4627066.4800	X=7589027.3200 Y=4627165.7000	X=7589519.1500 Y=4626984.3300
X=7588930.7200 Y=4627073.5100	X=7589043.0400 Y=4627171.1700	X=7589521.8200 Y=4626991.7600
X=7588938.7100 Y=4627084.3200	X=7589054.8300 Y=4627178.4400	X=7589522.5100 Y=4626992.8000
X=7588945.8000 Y=4627095.1800	X=7589060.4300 Y=4627181.1800	X=7589525.9700 Y=4626989.8900

Граници на проектниот опфат е:

- северо исток: КП 27/1, КО Доброшани,КП 993, 656, КО Криви Дол
- југ: КП 8, дел од КП 83, КП 135, дел од КП 83,81,53, КО Доброшани
- запад: КП 56, 39, 56, 29, КО Доброшани
- северо запад: КП 28, КО Доброшани

3. СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД РАЗВОЈНИ СТРАТЕГИИ, ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ЗАФАТ И ПРЕСТАВУВААТ ОБВРСКИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при поставување на планските концепции и решенија во сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.
При изработка на документацијата треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Економски основи на просторниот развој

- Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.
- Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Доброшани, КО Криви Дол, Општина Штип ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).
- Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на проектниот опфат.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Источен реон со 8 микрореони.
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-

IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Опфатот на површинските соларни и фотоволтаични електрани се наоѓа во сливното подрачје на планираната акумулација Јагмурлар на реката Брегалница. Заради значењето и важноста на акумулациите како постојан изворник на вода, секој субјект е должен во текот на своите активности да се однесува внимателно и рационално во користењето на водите, да го спречува загадувањето на водите и да избегнува активности кои може да предизвикаат негативни ефекти во сливното подрачје на акумулацијата. Во сливот на предвидената акумулација забрането е да се изведуваат работи кои би можеле да ги сменат природните услови поради што би можело да дојде до лизгање на теренот, појава на ерозија или создавање на суводолици и порои
- На просторот на кој се предвидува изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани постојат неколку помали водотеци-суводолици. При изработката на проектната документација и реализацијата да се преземат мерки со кои ќе се избегне нарушувањето на природниот режим на водотеците
- Доколку во текот на градбата или функционирањето на електраните има потреба од користење, пренасочување, црпење, зафаќање или други дејства врз водите, активностите да се вршат под услови, на начин и по постапка утврдени со Законот за води
- Изградбата на површинските соларни и фотоволтаични електрани каде ќе се користи сончевата енергија, како обновлив ресурс, за производство на електрична енергија, во подрачје кое е сиромашно со хидроенергетски потенцијал, ќе придонесе за подобрување на енергетската покриеност на регионот во согласност со принципите на еколошко и одржливо искористување на природните ресурси.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Локацијата за површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Доброшани, КО Криви Дол, Општина Штип, нема конфликт со останатите постојни и планирани енергетски водови.
- Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стаклени гасови.

Урбанизација и мрежа на населби

- Иницијативата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Доброшани и КО Криви Дол, Општина Штип, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Домување

- Иницијативата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Доброшани и КО Криви Дол, Општина Штип, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.

Јавни функции

- Локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Доброшани и КО Криви Дол, Општина Штип, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

- Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува остварување на просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.
- Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Доброшани, КО Криви Дол, Општина Штип ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Република Македонија за одржлив развој.

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:
  А3 (М-5) - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље – Охрид – Косел - Ресен – Битола – Прилеп – Велес – Штип – Кочани – Делчево - граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола - крстосница Кукуречани - граница со Грција - граничен премин Меџитлија - делница Косел - врска со А-3 – Охрид - граница со Албанија - граничен премин Љубаништа.
  А4 (М-6) - (Граница со Косово-ГП Блаце - крстосница Стенковец - обиколница Скопје - Петровец – Миладиновци - Свети Николе – Штип – Радовиш – Струмица - гр.со Бугарија-ГП Ново Село).
- При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.
- Предметната локација се наоѓа во заштитната зона на карго аеродромот Штип. При изработка на планската документација, од аспект на безебедноста на воздушниот сообраќај, да се почитува заштитната зона на аеродромот, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- **Локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Доброшани и КО Криви Дол, Општина Штип, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот за површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Доброшани и КО Криви Дол, Општина Штип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.
- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на поставувањето и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природното наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот за површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Доброшани и КО Криви Дол, Општина Штип, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработката на документацијата на предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата**.**

Заштита на културно наследство

- **Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[1] на подрачјето на катастарските општини Доброшани и Криви Дол има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.**
- При изработка на документацијата од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- **Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14,**

#

199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- **Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Брегалнички туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 29 туристички локалитети.**
- Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Доброшани, КО Криви Дол, Општина Штип, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.**
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.**

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Доброшани и КО Криви Дол, Општина Штип, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

Градбата на површински соларни и фотоволтаични електрани ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стаклени гасови.

Изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани на КО Доброшани и КО Криви Дол од Општина Штип, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување.

4. ЦЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Цел на изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип е да се оформи градежна парцела за изградба на фотоволтаична централа и трафостаница ТС 110/20kV со пропратни содржини за производство на електрична енергија што преставува стратешки потег во обезбедување на енергетска независност како и зачувување на земјиштето од загадување. Приклучувањето на фотоволтаична електрана на преносната мрежа на АД МЕПСО се планира со 110kV кабел од планираната ТС 110/20kV до постојната 400/110kV ТС Штип со друга урбанистичка проектна/планска документација.

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип ќе се изработи согласно Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ.

Урбанистичкиот план ќе се изработи врз основа на методологија и содржина која произлегува од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник бр.32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање(Сл. весник бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

5. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО КОЈ СЕ ПОСТИГААТ ЦЕЛИТЕ НА ПЛАНОТ, СО ОСВРТИ НА СИТЕ РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ И ПОСЛЕДИЦИ ОД ПЛАНИРАНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ РЕШЕНИЈА И ОДРЕДБИ

Светска тенденција е да се користат алтернативни извори за производство на електрична енергија. Цел на изработување на УППГДЗ е да се оформи една градежна парцела за изградба на фотоволтаична централа за производство на електрична енергија што преставува стратешки потег во обезбедување на енергетска независност. Фотоволтаичната централа со својот незагадувачки технолошки процес на производство на електрична енергија и профитабилност позитивно ќе влиае на економскиот развој на општеството, а нема да влијаат на загадување на човековата околина.

Во граници на планскиот опфат се планира една градежна парцела во која се планира намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 за трансформаторска станица ТС 110/20kV.

Пристапот до новоформираната градежна парцела е од КП 993, КО Криви Дол (јавен пат).

На основа на доставениот Основен проект за Фотонапонска централа (ФНЦ) Слатина - **Хидрологија на водотеци** со тех. бр.08/801, Април 2023 изработена од ХИКОНС инженеринг утврдено е дека низ предметниот опфат (необработено земјиште) поминуваат 4 непостојани водотеци. За нив е направена хидролошка пресметка каде е земен влезен параметар на 50 годишна вода. За одредување на големите води направена е пресметка по методот на проф.Д.Сребреновиќ.

Првиот водотек поминува на северозападниот дел од опфатот. Неговата должина е 269,37м. Има максимален проток од 1,52(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,8м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,6м и надвишување од t=0,3м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=2,6м, а ширината при круната Bo=3,5м.

Вториот водотек поминува низ средишниот дел од опфатот. Неговата должина е 437,12м. Има максимален проток од 1,30(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,8м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,56м и надвишување од t=0,34м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=2,48м, а ширината при круната Bo=3,5м.

Третиот водотек поминува во југоисточниот дел од опфатот. Неговата должина е 386,63м. Има максимален проток од 1,73(м³/сек).Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,9м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,62м и надвишување од t=0,28м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=2,76м, а ширината при круната Bo=3,6м.

Четвртиот водотек поминува во југозападниот дел од опфатот. Неговата должина е 298,43м. Има максимален проток од 0,87(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,7м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,48м и надвишување од t=0,32м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=2,14м, а ширината при круната Bo=3,1м.

Лево и десно од планираната регулација на водотеците во ширина од 3м испланирана е површина за нивно одржување во која е дозволено планирање на инфраструктура, но не е дозволено темелење на објекти. Дозволено е врстување со инфраструктура во граници на површина која е планирана за регулирање на непостојни водотеци.

Планираната површина за градба на градежната парцела 1.1 е 3м одалечена од градежната парцела.

Планирана катност на објектите во градежна парцела 1.1 е П со висина 5.0м на фотоволтаичните панели, 7,0м за објекти во функција на фотоволтаичната цетрала, 12,0м за ТС 110/20kV.

Предвидената моќност на фотоелектричната централа е ~75 MW. Приклучувањето кон електродистрибутивната мрежа се предвидува да се изврши од новопланираната трафостаница 110/20kV со 110 kV кабелска врска до ТС Штип 400/110kV со друга урбанистичко проектна документација. Конечното техничко решение ќе се утврди по добивање соодветна енергетска согласност за приклучок на енергетската мрежа.

Фотоелектричната централа ќе произведува електрична енергија директно од сончевото светлинско зрачење (фотоелектричен ефект). Добиената електрична енергија од фотоволтаичните панели е со еднонасочен напон. Истиот преку соодветни претворачи (т.н. инвертори) се претвора во наизменичен напон. По оваа трансформација електричната енергија ќе се испорачува во електродистрибутивната мрежа.

На влезот од трансформаторската станица ќе биде сместена двонасочна мерна група (двонасочно електрично броило, т.н. мерна гарнитура) преку која ќе се мери количеството на испорачана (предадена) електрична енергија од фотоелектричната централа кон електродистрибутивната мрежа. Исто така, ова броило овозможува и мерење на потрошената (повлечената) електрична енергија од електродистрибутивната мрежа. Оваа енергија се однесува на потребите на фотоелектричната централа во миговите кога не постои сопствено производство но има потреба за сопствена потрошувачка. Потрошувачка може да се појави во вид на осветлување поставено на самата парцела или компјутерски мониторинг центар кој треба да се напојува во вечерните часови до страна на дистрибутивната мрежа кога нема да има производство од страна на фотоволтаичната централа.

Фотоволтаичните панели може да бидат поставени на метални конструкции кои треба да бидат соодветно заштитени најчесто со процес на галванизација како и комбинација на алуминиумска и метална конструкција. Начинот на монтажа може да биде на бетонски фундаменти како и со набивање на галванизираните челични профили во земја.

Сите електрични врски на фотоволтаичните панели ќе се изведат со кабелски врски. Каблите ќе бидат поставени во соодветни кабелски канали и ќе се водат кон командната просторија.

Во неа ќе бидат електричниот команден орман а инверторите во зависност од проектот може да се постават на самата конструкција или пак во соодветна просторија.

Технолошкиот процес на производство на електрична струја преку соларни панели не бара секојдневно присуство на вработени, но секако се планирани вработувања како централата би добила соодветно одржување. За потребите на повремениот престој на вработените и потребата од одржување на панелите нема потреба од водоснабдување и фекална канализација. Атмосферската вода ќе се одведува во градежната парцела.

Предвидено е целиот простор околу фотоелектрчната централа и планираната ТС 110/20kV да биде ограден.

Со донесување на планот земјиштето добива статус на градежно земјиште

Во граници на градежната парцела се планира зеленило 20% согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и Сл.весник на РСМ бр.42/20).

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

6.1 НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА

Планскиот опфат е со површина.....85,12ха(100%)

6.1.1 Намена на земјиште на ниво на плански опфат

Површина на блок 1 е идентична со површина на планскиот опфат и изнесува 85.12ха

ИНФРАСТРУКТУРА (Е).....85.12ха(100%)

Е1 – сообраќајни, линиски и др. инфраструктури

Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични централи *85,12ха(100%)*

ПЛАНСКИ ОПФАТ **85,12ха (100%)**

6.1.2 Урбани параметри по намена на земјиште и градби

ИНФРАСТРУКТУРА (Е)

Основна класа на намена

Е1 – сообраќајни, линиски и др. инфраструктури ***851 242 м²***

Градежна парцела 1.1

Основна класа на намена

Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични централи

Комплементарна намена

- Е1.8 – трансформаторска станица
- Е1.4 - хидротехничка инфраструктура(регулација на водотек)
- Внатрешен сообраќај и инфраструктура
- Објект за вработени, магацин ...

Урбани параметри

• Површина на градежна парцела	851 242 м²
• Површина на земјиште под градба	680 994 м²
• Површина по етажи	680 994 м²
• Процент на изграденост на ниво на градежна парцела	80%
• Коефициент на искористеност на ниво на градежна парцела	0,80
• Катност	П
• Височина на градба	12,0м

Во граници на градежната парцела планирани се 4 површини за градба:

1.1.1	1 759м²
1.1.2	550 400 м²
1.1.3	189 377 м2
1.1.4	76 215 м²
Вкупно	**817 751 м²**

Напомена: Во граници на градежната парцела дозволено е површина за градба 680 994м².

Во граници на градежната парцела испланирани се 4 регулации на водотеци за постојните суводолици со следната површина согласно Хидрологија на водотеци (тех. бр.08/801, Април 2023) изработена од ХИКОНС инженеринг:

Водотек 1	943 м²
Водотек 2	1 530 м²
Водотек 3	1 398 м²
Водотек 4	925 м²
Вкупно	**4 796м²**

Зеленило – Во граници на градежната парцела се планира 20% од површината да биде наменета за зеленило согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и Сл.весник на РСМ бр.42/20).

Урбани параметри на ниво на плански опфат

Површината на планскиот опфат	851 242 м²
Површина под објект	680 994 м²
Развиена површина	680 994 м²
Процент на изграденост	80%
Коефициент на искористеност	К=0,80
Катност	П
Височина на градба	12,00м

6.2 СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И НИВЕЛАЦИСКО РЕШЕНИЕ

Сообраќајно поврзување на планираната градежна парцела со мрежата на државни патишта е предвидено преку реконструкција и проширување на постојните некатегоризирани пристапни патишта кои се поврзани на север со експресн пат Штип-Св.Николе.

Пристап на моторните возила до градежната парцела 1.1 е од КП 993, КО Криви Дол (јавен пат).

Паркирање

Паркирањето на моторните возила е во градежната парцела.

6.3 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

6.3.1 Хидротехничка инфраструктура

Во граници на планскиот опфат нема водоводна, фекална, атмосферска и водостопанска инфраструктура. Има постојни суводолици за кои е направена Хидрологија на водотеци.

Водоводна мрежа

За технолошкиот процес на производство на електрична струја преку соларни панели нема потреба од постојан престој на вработени и водоснабдување.

За пиење ќе се користи флаширана вода.

Хидрологија на водотеци со тех. бр.08/801, Април 2023 изработена од ХИКОНС инженеринг утврдено е дека низ предметниот опфат (необработено земјиште) поминуваат 4 непостојани водотеци. За нив е направена хидролошка пресметка каде е земен влезен параметар на 50 годишна вода. За одредување на големите води направена е пресметка по методот на проф.Д.Сребреновиќ.

Првиот водотек поминува на северозападниот дел од опфатот. Неговата должина е 269,37м. Има максимален проток од 1,52(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,8м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,6м и надвишување од t=0,3м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=2,6м, ширината при круната Bo=3,5м и површина 943 м²

Вториот водотек поминува низ средишниот дел од опфатот.Неговата должина е 437,12м. Има максимален проток од 1,30(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,8м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,56м и надвишување од t=0,34м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=2,48м, ширината при круната Bo=3,5м и површина 1 530 м²

Третиот водотек поминува во југоисточниот дел од опфатот. Неговата должина е 386,63м. Има максимален проток од 1,73(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,9м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,62м и надвишување од t=0,28м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=2,76м, ширината при круната Bo=3,6м и површина 1 398 м²

Четвртиот водотек поминува во југозападниот дел од опфатот. Неговата должина е 298,43м. Има максимален проток од 0,87(м³/сек).Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,7м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,48м и надвишување од t=0,32м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=2,14м,ширината при круната Bo=3,1м и површина 925 м²

Лево и десно од планираната регулација на водотеците во ширина од 3м испланирана е површина за нивно одржување во која е дозволено планирање на инфраструктура но не е дозволено темелење на објекти. Дозволено е врстување со инфраструктура во граници на површина која е планирана за регулирање на непостојни водотеци.

Фекална канализација

За технолошкиот процес на производство на електрична струја преку соларни панели нема потреба од водоснабдување со што нема ни отпадни води кој треба да се дистрибуираат.

Атмосферска канализација

Атмосферската вода се одведува во градежната парцела.

6.3.2 Електроенергетска инфраструктура

Во границата на планскиот опфат според податоците добиени од:

- **АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ (бр.08-2942/1 од 17.05.2023)** на предметниот плански опфат АД ЕСМ не располага со било какви податоци и информации.
- **МЕПСО*(бр.11-2083/1 од 31.03.2023)*** предметниот плански опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.
- **ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ *(бр.10-25/3-121 од 3.03.2023)*** согласно податоците од службената евиденција на предметната локација НЕМА наши ел. Енергетски инсталации.

Основна намена на градежната парцела 1.1 е производство на електрична енергија.

Предвидената моќност на фотоелектричната централа е ~75MW. Приклучувањето кон електродистрибутивната мрежа се предвидува да се изврши од новопланираната трафостаница 110/20kV со 110 kV кабелска врска до ТС Штип 400/110kV со друга урбанистичко проектна/планска документација. Конечното техничко решение ќе се утврди по добивање соодветна енергетска согласност за приклучок на енергетската мрежа.

Фотоелектричната централа ќе произведува електрична енергија директно од сончевото светлинско зрачење (фотоелектричен ефект). Добиената електрична енергија од фотоволтаичните панели е со еднонасочен напон. Истиот преку соодветни претворачи (т.н. инвертори) се претвора во наизменичен напон. По оваа трансформација електричната енергија ќе се испорачува во електродистрибутивната мрежа.

На влезот од трансформаторската станица ќе биде сместена двонасочна мерна група (двонасочно електрично броило, т.н. мерна гарнитура) преку која ќе се мери количеството на испорачана (предадена) електрична енергија од фотоелектричната централа кон електродистрибутивната мрежа. Исто така, ова броило овозможува и мерење на потрошената (повлечената) електрична енергија од електродистрибутивната мрежа. Оваа енергија се однесува на потребите на фотоелектричната централа во миговите кога не постои сопствено производство но има потреба за сопствена потрошувачка. Потрошувачка може да се појави во вид на осветлување поставено на самата парцела или компјутерски мониторинг центар кој треба да се напојува во вечерните часови до страна на дистрибутивната мрежа кога нема да има производство од страна на фотоволтаичната централа .

Фотоволтаичните панели може да бидат поставени на метални конструкции кои треба да бидат соодветно заштитени најчесто со процес на галванизација како и комбинација на алуминиумска и метална конструкција. Начинот на монтажа може да биде на бетонски фундаменти како и со набивање на галванизираните челични профили во земја.

Сите електрични врски на фотоволтаичните панели ќе се изведат со кабелски врски. Каблите ќе бидат поставени во соодветни кабелски канали и ќе се водат кон командната просторија. Во неа ќе бидат електричниот команден орман а инверторите во зависност од проектот може да се постават на самата конструкција или пак во соодветна просторија.

Технолошкиот процес на производство на електрична струја преку соларни панели и планираната трафостаница не бараат секојдневно присуство на вработени, но секако се планирани вработувања како централата и трафостаницата би добиле соодветно одржување.

6.3.3 Телекомуникациска инфраструктура

Во границата на планскиот опфат, според податоците добиени од:

- ***Македонски Телеком АД Скопје (бр.49835 од 22.02.2023)***

нема постојна МКТ инфраструктура

- ***Агенција за електронски комуникации***

Од Агенција за електронски комуникации не се добиени податоци. Испратено е барање во ПИМ постапка бр. 49835 на 21.02.2023 год преку e-urbanizam.

- ***А1 Македонија ДООЕЛ, Скопје (бр.11-2115/1 од 11.04.2023)***

немаме постојни подземни/надземни инсталации и воедно издаваме позитивно мислење

- ***Министерство за внатрешни работи на РСМ – Оддел за информатика и телекомуникации – Сектор за телекомуникации (бр. 11.2.35190/2 од 03.04.2023)***

нема податоци за постоење на инсталации.

- ***Министерство за одбрана на РСМ – сектор за недвижности***

Од Министерство за одбрана на РСМ не се добиени податоци.

Испратено е барање во ПИМ постапка бр. 49835 на 21.02.2023 год преку e-urbanizam.

Испратено е Барање за податоци и информации преку архива Наш бр. 0302/400/7 на 30.03.2023.

6.3.4 Гасоводна инфраструкрура

Во границата планскиот опфат, според податоците добиени од:

- ***НОМАГАС АД-Скопје (бр.15-1628/2 од 23.03.2023)***

нема и не е планирана изградба на гасоводна мрежа.

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип е изработен согласно Законот за урбанизам (Сл.весник на РСМ бр.32/2020 и 111/23), и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20,219/21, 104/22 и 99/23)

Општите услови важат за целата површина на планскиот опфат.

Граница на проектен опфат на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење преставува граница на подрачјето, комплексот на градби или градежната парцела односно земјиштето што е неопходно за градење и употреба на програмските содржини што се планирани со урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење.

Граница на блок - е посложена единица на градежното земјиште која се состои од една или повеќе градежни парцели и градежно земјиште за општа употреба, чијашто граница по правило се совпаѓа со оски на улици и граници на градежни парцели.

Нумерација на блок – нумерација на блок со број

Граница на наменска зона - е линија на граница на подрачје со иста намена на земјиштето.

Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

Границата на градежна парцела е линија на разграничување помеѓу две соседни градежни парцели, односно линија на разграничување на носители на правото на градење.

Градежна парцела е ограничен дел од градежно земјиште со ист носител на правото на градење, и претставува најмала и неделлива просторна единица на градежното земјиште.

Градежната парцела е ограничена со регулаторни линии – регулациона линија и граница на градежна парцела.

Градежната парцела се состои од една или повеќе катастарски парцели или делови од катастарски парцели.

Градежна парцела – нумерација - нумерација на градежна парцела со број. Првиот број означува блок додека вториот број е нумерација на градежната парцела.

Површина за градење претставува дел од градежна парцела ограничена со градежна линија на кој се утврдуваат услови за градење на градба.

Градежна линија е планска одредба која претставува граница на дозволеното градење односно ја дефинира просторната диспозиција на идната градба и просторна граница до која градбата може да се гради.

Површина за градба – нумерација – нумерација на површина за градба. Првиот број означува блок,вториот број е нумерација на градежната парцела , третиот нумерација на површина за градба

Подземна градежна линија е планска одредба која претставува граница на дозволено градење на подземни инфрастурктурни водови.

Инфраструктурна градежна линија се употребува за означување на траса на инфрструктурен вод, при што кога се употребува во урбанистички планови со детална регулација трасата се уточнува но не се смета за дефинитивна, за тоа да стане дури во урбанистички проект и во идејните и основните во коишто трасата станува конечна (во рамки на инженерска прифатлива толеранција на грешки за секој вид на инфраструктура и инженерски градби)

Максимална височина на градбата е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува најголемата дозволена височина на градбата.
Максималната височина на градбата се одредува на два начина:

- како висина на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри и
- како висина на највисоката кота на градбата, кој се мери на највисокиот дел од затворениот габарит на градбата (од првостепената пластика) односно на највисоката кота на покривот или слемето на кровот доколку се работи за кос кров, изразена во метри.

Максимална височина на нултата плоча во однос на теренот за градби на приземјето е 1,20 м
Видови на кровови - Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.
Дозволено е формирање на два типа на покриви како и комбинација помеѓу нив:
- коси покриви со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 35^{o}
- рамен покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 5%.

Максималниот агол на кровната конструкција се пресметува од завршниот венец на градбата во однос на вертикалната рамнина на фасадниот sид.
Намена на земјиштето подразбира начинот на употреба на земјиштето и на градбите согласно дејностите и активностите што се вршат и одвиваат во нив, на површина на земјиштето, под и над површината на земјиштето, што клучно влијае на начинот на уредувањето на земјиштето, изградбата на градбите, како и на просторот потребен за нивното одвивање и функционирање.
Комплеметарна намена означува активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплетирање и остварување на основната намена на градбата од друга примарна дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер и во одредени случаи го овозможува остварувањето и употребата на основната намена.
Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
Е1.4 – Хидролошки инфраструктури – регулација на водотеци
Е1.8 – Трансформаторска станица
Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани
Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на планираната изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење.
Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковната просторна единица, изразен со рационален број до две децимали.
Водостопанска согласност - Согласно Законот за води, Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите, како и Дозвола за користење и испуштање во водите под услови и на начин утврден со закон.

Зеленило – Во граници на градежната парцела се планира 20% од површината да биде наменета за зеленило согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и Сл.весник на РСМ бр.42/20).

Заштитен појас - Согласно Член 224 став 2 точка 5 од Мрежни правила за пренос на електрична енергија на АД МЕПСО Скопје бр.12-1237/7 од 29.12.2021:

- ширина на заштитен појас е 5м од надворешниот раб на оградата или ѕидот, за трансформаторска станица со номинален напон 400kV и 110kV.

Оградување на градежна парцела може да биде со транспарентна ограда со вкупна висина до 2,50 м со можност за изведба на ѕидан парапет со висина од 0,40 м до 0,80 м,

Напомена: Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

8. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА,РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ

Посебните услови за изградба се однесуваат за градежната парцела 1.1

Градежна парцела 1.1

Вид и начин на употреба на планската единица: градежна парцела наменета за Е1.13 -површински соларни и фотоволтаични електрани

Намена на земјиштето и градбите:

Основна класа на намена

- Е1.13 -површински соларни и фотоволтаични електрани

Комплементарна намена

- Е1.8 – трансформаторска станица
- Е1.4 - хидротехничка инфраструктура(регулација на водотек)
- Внатрешен сообраќај и инфраструктура
- Објект за вработени, магацин ...

Урбани параметри

- Површина на градежна парцела 851 242 м²
- Површина на земјиште под градба 680 994м²
- Површина по етажи 680 994 м²
- Процент на изграденост на ниво на градежна парцела 80%
- Коефициент на искористеност на ниво на градежна парцела 0,80

Во граници на градежната парцела планирани се 4 површини за градба:

1.1.1	1 759м²
1.1.2	550 400 м²
1.1.3	189 377 м2
1.1.4	76 215 м²
Вкупно	**817 751 м²**

Напомена: Во граници на градежната парцела дозволено е површина за градба 680 994м².

Дозволена висина на градење: H= 12,00 м

Максимален број на спратови: П

Висина и форма на кровна конструкција : Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

Дозволено е формирање на два типа на покриви како и комбинација помеѓу нив:

- коси покриви со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 35°
- рамен покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 5%.

Режим на градење над котата на горниот венец: дозволено е поставување на громобранска инсталација и вентилациони канали.

Кота на нулта плоча во однос на нивелета на пристапна сообраќајница: максимум 1.2м од кота на пристапен тротоар

Сообраќај: Пристап со моторни возила до градежната парцела е од КП 993, КО Криви Дол (јавен пат)

Паркирање во градежна парцела

Паркирање е во градежна парцела. Да се обезбедат 4 паркинг места.

Режим на градење под земја: дозволено е градење во граница на површината за градба. Надвор од површината за градба се дозволува подземно водење на инфраструктура во граници на подземна градежна линија и инфраструктурна градежна линија.

Водови и објекти на инфраструктура: приклучок за објектите е од КП 993, КО Криви Дол (јавен пат).

Во граници на градежната парцела се планира подземна и надземна инфраструктура која е во функција на основната класа на намена

Во граници на градежната парцела испланирани се 4 регулации на водотеци за постојните суводолици

Водотек 1	943 м²
Водотек 2	1 530 м²
Водотек 3	1 398 м²
Водотек 4	925 м²
Вкупно	**4 796м²**

Начинот на обработката на партерот: колски пристапи, регулација на постојни суводолици, пешачки патеки, зеленило, паркинг простор

Подигање на урбаната зелена инфраструктура: Во граници на градежната парцела се планира 20% зеленило согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и Сл.весник на РСМ бр 42/20).

Мерки за заштита: Согласно намената на просторот – фотоволтаична електраната да се предвидат мерки за заштита на опремата и да се обезбедат услови за нејзино непречено функционирање.

Да се огради градежната парцела и да се оневозможи пристап на посетители кој не се вработени во електраната.

Статус на земјиштето: Со донесување на планот земјиштето добива статус на градежно земјиште

Напомена: Градежната парцела може да се разработи во понатамошната постапка за спроведување на планот согласно член 58, став 2 во случај кога во планираната градба има комплементарни намени и член 63 од Законот за урбанистичко планирање(Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23)

9.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Врз основа на загрозеност на планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип од природни катастрофи и елементарни непогоди може да настане повредливост на просторот и неговите физички структури. Повредливост на просторот се одразува на градбите и нивната околина. При планирање треба да се заштити животната средина како и природното и културно наследство.

9.1 Мерки за заштита на природата, природното наследство и животната средина

Просторот што го третира планот е со површина од **85,12ха** , а основен вид на намена е:

Е1 – сообраќајни, линиски и др. инфраструктури

Е1.4 - хидротехничка инфраструктура(регулација на водотек)

Е1.8 – трансформаторски станици

Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични централи

Основни загадувачи на просторот се сите видови моторни возила.

Имајќи ја во предвид оваа состојба, може да се изврши поделба на три основни групи на загадување со дадени основни смерници и мерки за заштитна на истите:

- Аерозагадување и мерки за заштита
- Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- Извори на бучава и мерки за заштита

Мерки за заштита на квалитетот на воздухот

Работата на фото панелите не влијае на животната средина, станува збор за уред со кој се произведува чиста, т.н. зелена енергија, со што се намалува емисијата на стакленичките гасови.

Мерки за заштита на квалитетот на почвата

Технолошкиот процес на производство на електрична енергија преку фотоволтаичните панели не ја загадува почвата и подземните води.

Мерки за заштита од бучава

Најинтензивен извор на бучава во граници на планскиот опфат ќе преставуваат моторните возила на вработените.

9.2 Мерки за справување со климатските промени

Самиот технолошкиот процес на производство на струја со сончева енергија не произведува топлина или било кој друго дејствие кое би влијаеле на климатските промени на околината.

9.3 Мерки за справување со отпад

При процесот на инсталација на фотоволтаичен систем и подготовка на теренот ќе се продуцира воглавно градежен отпад (земјен материјал) и органски отпад од расчистување на теренот (отстранетата вегетација). Комунален отпад ќе продуцираат работниците, при извршување на работните активности за монтирање на фото панелите.

При изведба на градежните активности изведувачот на градежните работи отпадниот материјал ќе го одстрани и транспортира на депонија.

Од активноста на објектот воглавно нема да се генерира отпад. Од одржување на опремата за конвертирање на сончевата енергија во електрична енергија ќе се генерира минимална количина на отпадни кабли, бакарни жици и сл, кој отпад ќе се селектира и собира за повторна употреба и продажба. При евентуална појава на неупотребливи фотоволтаичните

панели – соларни ќелии (кои се со 20-30 годишна гаранција за употреба) истите ќе се испорачаат на производителот за да се изврши замена со нови.
Комуналниот отпад продуциран од страна на вработените кој главно ќе се состои од остатоци од храна, амбалажа од пијалоци и слично, поради малите количини, истиот ќе се одлага во поставените ПВЦ ќеси, кои по полнењето ќе се заврзуваат и ќе се носат во садовите лоцирани во непосредна близина. Создавачите на комунален отпад должни се да склучат посебен договор за собирање и транспортирање на отпад со давателот на услугата во општина Штип.
Отпадот од земјените ископи, доколку се јави вишок, ќе се транспортира со специјални камиони до најблиската депонија предвидена за градежен отпад, од страна на изведувачот на оваа активност.

9.4 Мерки за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот

Мерките за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот, се спроведуваат преку утврдување на сообраќајните коридори.
До граница на планскиот опфат односно планираната градежна парцела се пристапува од КП993, КО Криви Дол(Јавен пат).

9.5 Мерки за заштита од разурнувања и за заштита од природни непогоди

Мерки за заштита од разурнување

Согласно со член 53 од Законот заштита и спасување треба да се применуваат мерки за заштита и спасување. Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита и изградба на потребната инфраструктура.
За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во, за тоа предвидените центри во согласност со:
Законот за одбрана (Сл.весник на Р.М. бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15),
Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16и 83/18)
Законот за управување со кризи (Сл.весник на Р.М. бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18)

Мерки за заштита од природни непогоди

Сеизмички ризик

Во рамките на макро-сеизмичката реонизација на територијата на Република Северна Македонија а врз основа на истражувањата локалитетите и влијанието на оддалечените потреси максимален интензитет би изнесувал 8° по Меркалиева скала .
Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.
Фотоволтаична централа во случај на земјотрес не може да создаде хаварија на околината, освен штета на самата инфраструктура која потоа може да се санира.

Заштита и спасување од урнатини

Да се почитуваат Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од урнатини (Службен весник на Република Македонија, бр. 100/10)

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичко проектирање, со висини на објекти при чие рушење не би се загрозил имотот на соседните катастарски парцели како и коловозот на сообраќајницата за пристап и евакуација.

Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

На основа на доставениот Основен проект за Фотонапонска централа (ФНЦ) Слатина - **Хидрологија на водотеци** со тех. бр.08/801, Април 2023 изработена од ХИКОНС инженеринг инженеринг утврдено е дека низ предметниот опфат (необработено земјиште) поминуваат 4 непостојани водотеци. За нив е направена хидролошка пресметка каде е земен влезен параметар на 50 годишна вода. За одредување на големите води направена е пресметка по методот на проф.Д.Сребреновиќ.

Првиот водотек поминува на северозападниот дел од опфатот.Неговата должина е 269,37м.Има максимален проток од 1,52(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,8м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,6м и надвишување од t=0,3м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=2,6м, а ширината при круната Bo=3,5м.

Вториот водотек поминува низ средишниот дел од опфатот.Неговата должина е 437,12м.Има максимален проток од 1,30(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,8м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,56м и надвишување од t=0,34м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=2,48м, а ширината при круната Bo=3,5м.

Третиот водотек поминува во југоисточниот дел од опфатот.Неговата должина е 386,63м.Има максимален проток од 1,73(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,9м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,62м и надвишување од t=0,28м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=2,76м, а ширината при круната Bo=3,6м.

Четвртиот водотек поминува во југозападниот дел од опфатот.Неговата должина е 298,43м.Има максимален проток од 0,87(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,7м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,48м и надвишување од t=0,32м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=2,14м, а ширината при круната Bo=3,1м.

Лево и десно од планираната регулација на водотеците во ширина од 3м испланирана е површина за нивно одржување во која е дозволено планирање на инфраструктура но не е дозволено темелење на објекти. Дозволено е врстување со инфраструктура во граници на површина која е планирана за регулирање на поројни водотеци.

Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработка на основниот проект, со оглед на конфигурацијата на теренот, се претпоставува дека нема можност од свлекување на земјиштето, но согласно законот за градба за изработка на Основен проект потребно е да се изготви елаборат од геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања. Исто така, при проектирање на објектите, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи (Сл.Весник на РМ бр.32/11).

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Во случај на пожар до проектниот опфат со противпожарни возила ќе се пристапи од постојни некатегоризирани пристапни патишта преку автопатот Штип- Свети Николе.

Заштита и спасување од пожари, екплозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормален, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер. Заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни матери, се активности кои се планираат и спроведуваат со просторно и урбанистичко планирање и со примена на технички нормативи при проктирање и изградба на објектите. Оперативни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи, се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при одстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Планирањето и изработка на техничка документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување.

Испланираните патишта во граници на планскиот опфат треба да овозможува лесен пристап на пожарни возила до објекти. При конципирање на сообраќајот да се планира непречено движење на пожарни возила. Сообраќајниците да се така планирани да овозможуваат непречен пристап на пожарни возила до објектите и да се со доволна широчина (3,5м за еднонасочен сообраќај, односно 6м за двонасочен сообраќај), за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ако патот поминува низ пропусти, надвозници и др. отвори, минимална димензијана светлиот отвор на проодот се: 3,5м широчина и 4,5м височина.

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16и 83/18), Законот за пожарникарство (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, 81/07 и 55/13), Уредбата за спроведување на мерките за заштита и спасување од пожари, експлозиии и опасни маетрии (Службен весник на Република Македонија, бр. 100/10), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Во однос на заштита од пожари,

Во наведената документација да се реши и громобранска инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

9.6 Мерки за заштита на недвижното културно наследство

Согласно податоците добиени од Министерство за култура на РСМ - Управа за заштита на културно наследство (бр.17-769/2 од 07.03.2023) во рамките на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. Сепак, во склад со одредбите на Член 65 од Законот за заштита на културното наследство ("Сл.весник на Р.М." бр 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18), ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен веднаш, а најдоцна во рок од три дена:

1. Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став (2) на овој Законот;
2.Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

Став (2) од Членот 129 од Законот подробно опишува дека случајното откритие на заштитено добро или на добро за кое основано се претпоставува дека претставува културно наследство се пријавува веднаш и се смета дека е извршено ако пријавата е доставена непосредно на надлежната јавна установа за заштита или до Министерството за внатрешни работи. Доколку пријавата е доставена до Министерството за внатрешни работи, тоа ја доставува пријавата до надлежната јавна установа.

9.7 Мерки за озеленување на подрачјата и животната средина и други плански одредби

Во граници на градежната парцела се планира зеленило согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18)

Во заштитен појас на планираната трафостаница Согласно Член 224 став 2 точка 5 од Мрежни правила за пренос на електрична енергија на АД МЕПСО Скопје бр.12-1237/7 од 29.12.2021:

- ширина на заштитен појас е 5м од надворешниот раб на оградата или ѕидот, за трансформаторска станица со номинален напон 400kV и 110kV во кој се планира зеленило.

10.НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип се наоѓа северозападно од град Штип.
Пристап до него е од северната страна од КП 993, КО Криви Дол (јавен пат).
Надморска висина во граници на планскиот опфат е од 294 до 378мнв.
Површина на планскиот опфат е е 85,12 ха.
Во граници на планскиот опфат има неизградено земјиште кое не се обработува
Планиран плански период на УППГДЗ е 2023-2033г.

Намена на земјиште на ниво на плански опфат (документациона основа)
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ
НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ (НЗ) 85,12 ха (100%)
ПЛАНСКИ ОПФАТ.....**85,12 ха (100%)**

Намена на земјиште на ниво на плански опфат (планска документација)
ИНФРАСТРУКТУРА (Е).....85.12ха(100%)
Е1 – сообраќајни, линиски и др. инфраструктури
Е1.13 -површински соларни и фотоволтаични електрани *85.12ха(100%)*
ПЛАНСКИ ОПФАТ 85.12ха (100%)

Во граници на планскиот опфат планирана е една градежна парцела со:
Основна класа на намена

- Е1.13 -површински соларни и фотоволтаични електрани

Комплементарна намена

- Е1.8 – трансформаторска станица
- Е1.4 - хидротехничка инфраструктура(регулација на водотек)
- Внатрешен сообраќај и инфраструктура
- Објект за вработени, магацин ...

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип							**Планска документација**		
број на градежна парцела	површина на градежна парцела	површина под градба	процент на изграденост	површина по етажи	коефициент на искористеност	основна класа на намена	Височина на градба	катност	паркинг места
	м²	м²	%	м²	k		м'		бр.
1.1	851 242	680 994	80	680 994	0,80	Е1.13	12,0	П	4
ВКУПНО	**851 242**	**680 994**	**80**	**680 994**	**0,80**				

11.БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА НУМЕРИЧКИ ВРЕДНОСТИ НА НИВО НА ПЛАНСКИ ОПФАТ			
		Документациона основа (2023)	Планска докуметација (2023-2033)
1	ПЛАНСКИ ОПФАТ	851 242 м² (100%)	851 242 м² (100%)
2	Е-ИНФРАСТРУКТУРА		851 242 м² (100%)
3	Е1-КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА		851 242 м² (100%)
4	Основна намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични централи		851 242 м² (100%)
4.1	комплеметарна намена Е1.8 - трансформаторска станица Е1.4 - хидротехничка инфраструктура регулација на водотек		
5	НЗ- НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	851 242 м² (100%)	/
6	ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ ПОД ГРАДБА	/	680 994 м²
7	ПОВРШИНА ПО ЕТАЖИ	/	680 994 м²
8	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ НА НИВО НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	/	80%
9	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ НА НИВО НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	/	0,80

2.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

2.1 ГРАФИЧКИ ДЕЛ

К.О. КРИВИ ДОЛ

К.О. ДОБРОШАНИ

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА НУМЕРИЧКИ ВРЕДНОСТИ НА НИВО НА ПЛАНСКИ ОПФАТ			
		Документ-планска основа (2023)	Планска документација (2023-2033)
1.	ПЛАНСКИ ОПФАТ	851 242 м² (100%)	851 242 м² (100%)
2.	Е-ИНФРАСТРУКТУРА		851 242 м² (100%)
3.	Е1-КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА		851 242 м² (100%)
4.	Основна намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични централи		851 242 м² (100%)
4.1.	Компатибилна намена Е1.8 - трансформаторска станица Е1.9 - надземна електрична инфраструктурна мрежа(далноводи)		
5.	КО: НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	851 242 м² (100%)	/
6.	ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ ПОД ГРАДБА	/	680 994 м²
7.	ПОВРШИНА ЈАВ.ЕТАЖИ	/	680 994 м²
8.	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ НА НИВО НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	/	80%
9.	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ НА НИВО НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	/	0,80

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаички електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83,КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол општина Штип

ПРЕДЛОГ ПЛАН 2023-2033

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА БЛОК
- 1 НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК
- ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА
- РЛ РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГЛ ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ПГЛ ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ИЛ ИНФРАСТРУКТУРНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- 1.1 НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- 1.1.1 НУМЕРАЦИЈА НА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ
- П КАТНОСТ НА ГРАДБА
- H=17m ВИСОЧИНА НА ГРАДБА
- ВЛЕЗ ВО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

- Е1.13 ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ.....851 242м2(100%)
- ПРОЕКТЕН ОПФАТ.....851 242м2(100%)

ТЕКТОН	ТЕКТОН дооел - Скопје			НОСИТЕЛ НА ПРОЕКТОТ	
ТЕКТОН	Ленинова 14/1-1, 1000 Скопје, тел/факс 02/ 3225-555 тел/факс: +389 2 3116161 / +389 70 440 550			Општина Штип Јакуб Исмаилоски раководител на Одделение	
ИНВЕСТИТОР	ДПИ „ БИГ МЕТА МАКЕДОНИЈА - ШТИП СОЛАР ОНЕ ДООЕЛ Скопје			ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР Ал.Дамјановски Ал.Дамјановски	
НАЗИВ НА ПРОЕКТОТ	Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаички електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83,КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол општина Штип			ПЛАНЕР Ал.Дамјановски	
НАЗИВ НА АРТИКЛОТ	ПЛАН НА НАМЕНИ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ, НЕТОКОРИСНИ ПОВРШИНИ, ПЛАН НА ПАРЦЕЛАЦИЈА и План на регулација - Планска документација				
ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР	Јакуб Исмаилоски раководител на Одделение			РЕВИДИРАЛ	
ПЛАНЕРИ	Ал.Дамјановски Ал.Дамјановски	Александар Гаргала Александар Гаргала			
ОБЈЕКТ	УП	ГРАФИЧКИ ПЛАН	РАЗМЕР 1:5000	ДАТУМ Октомври 2023	ГОДИНА НА ИЗД. #8533
					ЛИСТ План

К.О. КРИВИ ДОЛ

К.О. ДОБРОШАНИ

1
E1

1.1
E1.13
30126
m

1.1.2
E1.13
30126
m

1.1.3
E1.13
30126
m

1.1.4
E1.13
30126
m

Граница на крајбрежен појас (50м)

Граница на крајбрежен појас (50м)

Граница на крајбрежен појас (50м)

К.О. КРИВИ ДОЛ

К.О. ДОБРОШАНИ

1
E1

1.1
E1.13
D=126
m

1.1.2
E1.4
D=126
m

1.1.3
E1.4
D=126
m

1.1.4
E1.4
D=126
m

1x630 AS

1x630 AS

1x630 AS

1x630 AS

Граница на заштитена зона (30м)

Граница на заштитена зона (30м)

Граница на заштитена зона (30м)

3.СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

3.1 ПЛАНСКА ПРОГРАМА
Васко Најков

NIKOLChE TASEVSKI
Digitally signed by NIKOLChE TASEVSKI
Date: 2023.02.22 14:15:11 +01'00'

Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
Бр. 11-2115/1
11-04-2023
Скопје

До: Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг
ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје

Скопје, 11.04.2023 год.

Предмет: Податоци и информации

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на податоци и информации од општини/институции поднесено преку системот Е-Урбанизам со број на постапка 49835 креирано на 21.02.2023 година и наслов 'Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип' доставено до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Ве известуваме дека во предметното подрачје на опфатот кој е доставен до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, **немаме** постојни подземни/надземни инсталации, и воедно издаваме **позитивно** мислење.

Напомена: Доколку има потреба од дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура, планерот е должен да постави новопланирана траса во рамките на експропријационата линија во консултација со сопственикот на постоечката инфраструктура - А1 Македонија ДООЕЛ Скопје. Трошоците за дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура ги сноси инвеститорот на проектот.

Лице за контакт:
Симона Тодоровска тел. 077/772-972

Срдечен поздрав,

За А1 Македонија ДООЕЛ Скопје,
Симона Тодоровска
Помлад специјалист за дизајн и планирање на мрежа

Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
39

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 15-1628/2
23.03. 2023 год. viti.
Скопје-Shkup

ул. Булевар Свети Климент Охридски бр.54, Скопје,
поштенски фах: 583
тел. 02 6090-137, 02 3117 555
e-mail: contact@nomagas.com.mk
www.nomagas.com.mk
ЕМБС: 7649401

До: **Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје**

Предмет: **Одговор на барање**

Врска**: Барање за инсталации,** ваш бр.0302/400/3 од 21.02.2023 година

Согласно вашето Барање на податоци и информации, бр. 0302/400/3 од 21.02.2023 година, за изготвување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип.

НОМАГАС АД Скопје ве известува дека на наведениот плански опфат нема и не е планирана изградба на гасоводна мрежа.

Со почит,

Изработил:
Сашо Јовчески, 49835

НОМАГАС АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем
Оливера Костанчева

Бр/Nr. 10-3031/2

Скопје/Shkup 05 -04- 2023 година/viti

ДО ТЕКТОН дооел
ул. Народен фронт бр. 5/12
1000 Скопје

Предмет:Податоци и информаци

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 0302/400/3 од 21.02.2023 год. за добивање податоци и информации за постојни и планирани инфраструктурни водови и градби потребни за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани и КП 646, 647, 648, КО Криви Дол-општина Штип, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, ги разгледа пристигнатите прилози, заверени со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-3031/1 од 30.03.2023 година:

- Ажурирана геодетска подлога со проектен опфат и
- Прегледна карта со проектен опфат.

Од доставените и разгледани прилози констатирано е дека предметниот проектен опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

Директор
Ejup Rustemi

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Кирил Каркалашев
Одобрил: d-r Ejup Latifi

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut
БР./Nr. 2001 – 845/2
10 -03- 2023
Skopje-Shkup

ДО „ТЕКТОН" ДООЕЛ

Ул. Народен фронт бр.5/12, 1000 Скопје Р.С Македонија

Предмет: Одговор на барање

Во врска со вашиот допис бр.0302/400/3 од 21.02.2023 година и број на постапка 49835 од е-урбанизам со кое барате да Ви доставиме податоци и информации , а кое Ви е потребно за изработка на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип,** ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје, Ве информира следното:

По разгледување на Вашето барање и доставената Ажурирана геодетска подлога, констатиравме дека проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга, на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во наша сопственост.

Со почит,

Пом. Директор за правни

Driton Rusi

Изработил: Борис Огњанов

Согласен: Весна Стеваноска

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

До: **ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје**

бр. 12-8/241

Скопје, 21.02.2023 година

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. 0302/400/3 од 21.02.2023 година
e-urbanizam, постапка бр. 49835

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип

при што утврдија дека во предметниот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а градбите во планскиот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот **може да се планира без посебни услови и ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

изработил: Х.Караџенеми

Билјана Јованова
(по овластување од Директорот бр.02-27/2 од 10.01.2023 година)

Biljana Jovanova

Digitally signed by Biljana Jovanova
DN: c=MK, ou=VAT - 4080010516712, 2.5.4.97=NTRMK-6648649, o=Agencija za civilno vozduhoplovstvo, serialNumber=168951, title=vozduhoploven inspektor, sn=Jovanova, givenName=Biljana, cn=Biljana Jovanova
Date: 2023.02.22 07:53:43 +01'00'

Влада на Република Северна Македонија
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ –
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение за Заштита и Спасување-Штип

22.02.2023г.

Архивски број: 09-40/2

До:,,Тектон,,дооел-Скопје

Предмет: Податоци,информација,услови,доставува;

Врска Ваш акт бр.0302/400/3 од 21.02.2023г.

Согласно чл. 32став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање и задолжувањето од Директорот на ДЗС 02-2731/1од 19.11.2020 година, Одделението за издавање на урбанистичка согласност при Секторот за превенција, планирање и развој во Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение за ЗиС-Штип,информира:

Почитувани,

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за **,,Изработка на Урбанистички План за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена е-инфраструктура Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 25,27/2,40,41,46,47,57,70,дел од КП 83,КО Доброшани,КП 646,647,648,КО Криви Дол,,**Општина Штип.

Исто така, во прилог на дописот, Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување со цел истите да се вградат во изработката на,,**Изработка на Урбанистички План за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена е-инфраструктура Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 25,27/2,40,41,46,47,57,70,дел од КП 83,КО Доброшани,КП 646,647,648,КО Криви Дол,,**Општина Штип.

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение - Штип
ул. „Христијан Тодоровски Карпош„ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија
+032-391-381
075-457-537
Stip@dzs.gov.m

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,** да се опфатат следните мерки:

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.
Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.
Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр. 36/04, 49/04 и 86/08),и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на Државната урбанистичка планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение -Штип
ул. „Христијан Тодоровски Карпош„ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија
+032-391-381
075-457-537
Stip@.dzs.gov.m

Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајќи ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСЛ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РСМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

Наведените претходни услови треба да се вградат во ,,Изработка на Урбанистички План за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена е-инфраструктура Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 25,27/2,40,41,46,47,57,70,дел од КП 83,КО Доброшани,КП 646,647,648,КО Криви Дол,,Општина Штип.

Или Откако ќе ги разработите и вградите условите за заштита и спасување во Урбанистичката документација во **,,Изработка на Урбанистички План за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена е-инфраструктура Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 25,27/2,40,41,46,47,57,70,дел од КП 83,КО Доброшани,КП 646,647,648,КО Криви Дол,,**Општина Штип,да ја доставите до Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение за ЗиС-Штип, за да добиете мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување.

Подрачно Одделение за Заштита и Спасување-Штип
Овластено лице
Перикли Лазаров

Perikli Lazarov
Digitally signed by Perikli Lazarov
Date: 2023.02.22 10:27:58 +01'00'

Подготвил:
Предал:
Прегледал:

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение -Штип
ул. „Христијан Тодоровски Карпош„ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија
+032-391-381
075-457-537
Stip@.dzs.gov.m

Република Северна Македонија

Министерство за култура

УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Бр. 17-769/2
07.03. 2023 година
Скопје

ДО
ТЕКТОН ДООЕЛ
ул. „Народен Фронт“ бр. 5/12
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Доставување податоци и информации
ВРСКА: Ваш бр. 0302/400/3 од 21.02.2023

Во врска со вашето барање за добивање на податоци за постоење на културно наследство за изработка и одобрување на урбанистички план за подрачја и градби ид државно значење за уредување на земјиште со намена Е.1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 25, КП 27/2, КП 40, КП 41, КП 46, КП 47, КП 57, КП 70 и делод КП 83, КО Доброшани, и КП 646, КП 647 и КП 648, КО Криви Дол, општина Штип., Управата за заштита на културното наследство врз основа на доставената и постојната документација констатира дека на подрачјето на предметниот проектен опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку во процесот на реализација на проектот бидат откриени објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Р. Македонија, изведувачот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управата за заштита на културното наследство, во смисла на член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Со почит,

в.д.Директор,/ u.d. Drejtor,
Аријан Асланај/ Arijan Asllanaj

Изработил: И. Ширтовски
Проверил/Одобрил: м-р Б. Јовановска

Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage

ул. „Павел Шатев “ бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи

- Оддел за информатика и телекомуникации-
Сектор за телекомуникации

Рег. бр. 11.2.35190/2
Скопје, 31.03.2023
03 -04- 2023

До:
ТЕКТОН ДООЕЛ – Скопје
ул. Народен фронт 5/12
1000 Скопје

Предмет: Одговор по барање податоци за постоечки инсталации, доставува.-
Врска: Ваш акт бр. 0302/400/6 од 30.03.2023 год.

Во врска со Вашето барање, Ве известуваме дека за посочената локација (**Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на КП25, КП27/2, КП40, КП41, КП46, КП47, КП57, КП70, дел од КП83, КО Доброшани, КП646, КП647, КП648, КО Криви Дол – Општина Штип**) немаме податоци за постоење на наши инсталации. Доколку во текот на изведување на градежните работи се појават телекомуникациони инсталации, задолжително да бидеме информирани.

Со почит,
Лице за контакт: Ефтим Панов, тел: 072/228-556 лок.37-00

НАЧАЛНИК НА СЕКТОР
Јане Стојанов

Подготвил: Ефтим Панов
Согласен: Дејан Костадинов

Изработено во: 1 (еден) примерок
и 1 (една) копија и доставено до:
- Примател - примерок 1
- Архива на сектор – копија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ
И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

09.03. 2023

АРХИВСКИ БРОЈ: **40 – 2692 / 3**

ДО: **ТЕКТОН ДООЕЛ**

ПРЕДМЕТ: **Одговор на барање за податоци и информации**

Во врска со вашето **Барање за податоци и информации под бр.0302/400/4 од 27.02.2023 година**, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), **за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647,648, КО Криви Дол - Општина Штип,** Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Ве известува со следното:

Според Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 178/21) се уредуваат користењето, располагањето, заштитата и пренаменета на земјоделското земјиште. Целите на овој закон се: - рационално користење на земјоделското земјиште како ограничен природен ресурс, - заштита на земјоделското земјиште и - обезбедување правна сигурност на сопствениците и корисниците на земјоделското земјиште.

Согласно доставената документација и увидот во истата констатирано е дека според Имотниот лист бр.121 за КО Доброшани, предметното земјиште на КП 25, КП 27, КП 46, КП 47 и КП 70 викано место Русева Чешма и Чаир Јери, катастарска култура нива, пасиште, катастарска класа 5 и 6 се во приватна сопственост.

Во колона Г9.з. Други факти има Долготраен закуп за земјиште на КП 25, 27, 46, 47 и 70.

Според имотниот лист бр.4 за КО Доброшани, предметното земјиште на КП 40, викано место Русева Чешма, катастарска култура гнз е во државна сопственост, бидејќи е градежно земјиште Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не е надлежно за истото.

Според имотниот лист бр.1 за КО Доброшани, предметното земјиште на КП 41, КП 57 и КП 83, викано место Чаир Јери и Слатино, катастарска култура пасиште, катастарска класа 5 и 6 се во државна сопственост, за истото треба да се обратите во ЈП Стопанисување со пасишта.

Според имотниот лист бр.48 за КО Криви Дол, предметното земјиште на КП 646, КП 647 и КП 648, викано место Дамјанец, катастарска култура нива и камењар, катастарска класа 6 се во државна сопственост.

Според известувањето од ПЕ Штип под арх.бр.56-78/2 од 07.03.2023 година за катастарските парцели 646, 647 и 648, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нема склучено договор за закуп.

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477 www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Воедно напоменуваме дека меѓу приоритетите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е заштитата на земјоделското земјиште, а особено ограничување на трансформацијата на земјиштето од 1-4 катастарска класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Помошник Раководител на сектор

Аднан Алии

Изработил: Борче Лозановски
Контролирал: Момчило Петровски

Република Северна Македонија
Ј. П. за стопанисување со пасишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
N.P për Ekonomizim me Kullosa

Сектор за стопанисување со пасишта

11 Август/ 2023

Архброј:03-112/2

Предмет: Одговор на Барање

ДО
Тектон ДООЕЛ
ул Н Фронт бр 5/12

Во врска со вашето барање бр 0302-400/9 од 30.3.23 за изработување и одобрување на УП за фотоволтаици и соларни електрани во КО Доброшани и КО Криви Дол општина Штип, ЈП за пасишта Скопје Ве известува дека според податоците со кои располага Подружница Штип за наведените парцели немаме склучено договор.

Напоменуваме дека согласно Законот за пасишта, приоритет на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта е да се стопанисува со пасиштата во државна сопственост така што да се сочува нивната површина и да се зголеми нивната вредност, да се обезбеди најголем прираст на трева според природните услови, посебно имајќи ја предвид приоритетната определба на Просторниот план за заштита на земјоделското земјиште и стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од 1-4 класа за неземјоделско користење и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Со почит/,

Изработил./:Васо Туфа
Контролирал/Татјана Милчевска
Согласен/ ВиолетаИлиевска

ЈП за стопанисување со пасишта-Скопје
NP për Ekonomizimin me Kullosa-Shkup
Директор – Drejtor
NefrusÇeliku

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTAMENTI I UJËRAVE

Арх. бр/Nr. arh.11-1620/2

Дата/Data: 19. 05. 2023

ДО/DERI TE: ДУПИ „Тектон“ Дооел
ул. „Народен фронт“ бр.5/12
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ/LËNDA: Известување
ВРСКА/LIDHJA:

Почитувани,
Të nderuat,

Во врска со Вашето барање за податоци и информаци кои се однесуваат на постапка за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83 КО Доброшани КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип, Ве известуваме следното:

Од увидот во доставената ажурирана геодетска подлога во електронска форма на која е нанесен планскиот опфат и добиените информации по електронски пат од Службата за просторно информативен систем од 12.04.2023 година, утврдено е дека низ предметниот проектен опфат поминуваат 3 непостојани водени текови. Потребно е при изготвување на проектната документација, согласно Законот за водите (Сл. Весник на Република Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/21), треба да бидат исполнети следните критериуми:

- Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со

Министерство за животна средина и просторно планирањена Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

дозвола или согласност издадена врз основа на закон, изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, односно нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци; а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определуваат советот на општините на предлог на градоначалникот на општините, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

- Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките;
- Изведувањето на објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно–техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците;
- Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции;
- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, се забранува:

  - да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите и да се предизвика ерозија или се оневозможи користење на водите.

  - да се менува правецот на водотекот без согласност на Управата за Животна средина – Сектор за води.

  - да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, без одобрение.

- да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10 м од внатрешната страна и 10 м од надворешната страна на ножицата на насипот.

- за постоечките канали потребно е слободен пристап по 5м лево и десно од надворешната страна на ножицата на насипот.

Воедно, Ве известуваме дека согласно Законот за водите, Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите.

Во однос на непостојаните водотеци кои поминуваат низ проектниот опфат, потребно е да бидат опфатени во текстуалниот дел на проектната документација и да се исцртаат во графичкиот прилог со крајбрежен појас од 50 метри зад линијата на допирање на педесетгодишната вода кај нерегулиран водотек, односно зад ножицата на насипот кај регулиран водотек, дефиниран врз основа на хидролошки податоци и хидраулички анализи.

Воедно, Ве известуваме дека за секое користење на вода и испуштање во водите, потребно е остварување на водно право, за што Министерството за животна средина и просторно планирање издава Дозвола за користење на вода и Дозвола за испуштање во водите во постапка пропишана согласно Законот за водите.

Исто така, Ве известуваме дека планскиот опфат не е во рамки на предвидените акумулации согласно Водостопанската основа на Република Македонија.

Ве информираме дека Министерството за животна средина и просторно планирање не може да се произнесе по однос на местоположбата на постоечките или планирани инфраструктурни инсталации на планираниот опфат, затоа што

не располага со таков вид на податоци и не управува со истите. Според одредбите од Законот за регистрација на подземни и надземните инфраструктурни објекти и придружни инсталации (Сл. Весник на Република Македонија бр. 6/12) општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се одговорни да водат евиденција и да воспостават Регистар на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации секоја за своето подрачје. По однос на постојните водостопански објекти во склоп на системите за наводнување и системите за одводнување, надлежен правен субјект кој управува со истите е АД Водостопанство на Р. С. Македонија.

Со почит,

Me respekt,

МИНИСТЕР/MINISTER
Каја Шукова

Изработил/Përpiloi: Јелена Николов Деловска
Контролирал/Kontrolloi: Снежана Мартулкова
Согласен/Miratoi:Ylber Mirta
Одобрил/Aprovoi: **Директор на Управата за животна средина**
Drejtor i Drejtorisë për mjedis jetësor

Hisen Xhemaili

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

Арх. Бр./Nr.Arh. 11-2445/4
Дата/Data: 25-07-2023 год./viti

ДО/DERI TE: Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг
ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје
ул. Народен фронт бр. 5/12
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ/LENDA: Известување

Почитувани,
I nderuar,

Во врска со доставениот допис со акт (бр. 11-2445/1 од 30.03.2023) од страна на Тектон Дооел од Скопје, кој се однесува на барање на податоци и информации за Урбанистички план за подрајче и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 25,27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол-Општина Штип, Република Северна Македонија. Управата за животна средина како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање од аспект на своите надлежности од областа на заштита на природата и увидот на доставената документација, Ве известува за следното:

Врз основа на приложената документација од Ваша страна – Ажурирана геодетска подлога со нанесен проектен опфат и мислењето од страна на Службата за просторен информативен систем (допис бр. 16-2445/3 од 23.06.2023), констатирано е дека просторот на горенаведената предметна локација се наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја во Република Северна Македонија и идентификуваните Натура 2000 подрајча.

Просторот на предметниот плански опфат зафаќа дел од Емералд подрачјата "Овче Поле" и "Богословец", кои се дел од Националната Емералд мрежа, која опфаќа подрачја од посебен интерес за зачувување (ASCI). Овие подрачја се назначуваат со цел зачувување на мрежата на природни живеалишта

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

и се воспоставуваат на територијата на земјите членки на Бернска конвенција (Конвенција за зачувување на дивиот свет и природните живеалишта во Европа), која е ратификувана од нашата држава.

Со почит,
Me respekt

МИНИСТЕР/MINISTER
Каја Шукова

Изработил/Përpiloi: Isuf Fetai
Проверил/Kontrolluar: м-р Сашко Јорданов
Согласен/Miratoi: м-р Влатко Трпески

Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
Директор/Drejtor
Hisen Xhemaili

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ШТИП

СЕКТОР / ОДДЕЛЕНИЕЗА УРБАНИЗАМ,ШТИП

Република Северна Македонија
Општина Штип
Број. УП 18-2785/3
18.04.2023 година

До
Тектон ДООЕЛ Скопје

ПРЕДМЕТ: ОДГОВОР НА БАРАЊЕ ЗА ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ

Почитувани,

Врз основа на член 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на СРМ 32/20) во систем е-урбанизам преку број на постапка **49835**- Постапка за податоци и информации, поднесено е барање за податоци и информации со кои располагаме за дадениот проектен опфат за изработка на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површинскисоларни и фотоволтаичниелектранина КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол – општина Штип**. Ве известуваме дека за дадениот плански опфат немаме важечка урбанистичка документација.

Со почит

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска Sonja Gjeorgievska

Digitally signed by Sonja Gjeorgievska
DN: c=MK, o=OPSHTINA SHTIP, 2.5.4.97=VATMK-4029005130584, ou=OPSHTINA SHTIP,4029005130584, givenName=Sonja, serialNumber=CRT36524291, sn=Gjeorgievska, cn=Sonja Gjeorgievska
Date: 2023.04.18 11:44:01 +02'00'

Одобрил: Лазар Хаџи-Николов Lazar Hadji Nikolov

Digitally signed by Lazar Hadji Nikolov
Date: 2023.04.24 10:40:18 +01'00'

Република Северна Македонија
Општина Штип

БР. 18-3740/2
Од 8.06.2023год.
ШТИП

До
ТЕКТОН ДООЕЛ- СКОПЈЕ
Ул. "Народен фронт" бр. 5/12

ПРЕДМЕТ:
Одговор на барање на мислење за изготвен Убанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол, Општина Штип

Почитувани,

- Врз основа на член 30, став 2 од Законот за урбанистико планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/20), во систем на е урбанизам со број на постапка 52713 – Постапка за податоци и информации поднесено е барање за давање на мислење од надлежен сектор во Општина Штип. Врз основ на ова барање се произнесуваме со следното:

  Во прилог на барањето се поднесени следните документации
- Ажурирана геодетска подлога
- Имотен лист
- Услови за планирање на простор
- Решение за изработени услови за планирање на простор

Планската документација опфатува површина која се наоѓа на теориторија на Општина Штип која ги исполнува условите за изработка на урбанистичка документација.

Општина Штип е согласна за изготвување на Урбанситички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол, Општина Штип и изградба на фотоволтаична централа во посочените катастарски општини.

Изработил: Драгана Штерјова, диа

Контролирал: Лазар Хаџи- Николов

Одобрил: Вишна Шорова Ангелова

ОПШТИНА ШТИП
Градоначалник
Иван Јорданов

Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Македонија
Одделение за урбанизам,градежништво,станбени работи и заштита на животна средина
Тел: (032) 22 66 44
Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: lazaradzinikolov@yahoo.com

CamScanner

3.6 МИСЛЕЊА ОД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ И СУБЈЕКТИ СО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА НА РАБОТАНА ВЕРИЗИЈА

1.АД ВОДОСТОПАНСТВО НА РСМ- Скопје (бр. 11-2193/3 од 16.10.2023)

АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост-Скопје нема забелешки и **ја прифаќа** приложената документација за изработка и одобрување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип

2.МЕПСО (бр.10-5304/1 од 06.09.2023)

Во врска со вашето барање за мислење за "УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НАД 10MW КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО ДОБРОШАНИ, КП 646, 647, 648, КО КРИВИ ДОЛ – ОПШТИНА ШТИП", Ве известуваме дека по разгледување на доставеното барање и пропратната документација прикачена на е-урбанизам со број на постапка 55208, АД МЕПСО согласно нашиот допис со бр.11-2766/1 од 16.05.2022. даваме **позитивно мислење** за наведената планска документација со констатација дека во граница на предметниот опфат нема во сопственост постоечка линиска инфраструктура.

3. ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје (бр.10-25/3-430 од 19.09.2023)

Во врска со Вашиот допис број 0302/400/10 од 04.09.2023 година, со кој барате да дадеме мислење за УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НАД 10MW КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО ДОБРОШАНИ, КП 646, 647, 648, КО КРИВИ ДОЛ – ОПШТИНА ШТИП, ве известуваме дека **немаме** забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО** мислење

(бр.10-25/3-456 од 10.10.2023)

Во врска со Вашиот допис број 0302/400/11 од 29.09.2023 година, со кој барате да дадеме мислење за УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НАД 10MW КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО ДОБРОШАНИ, КП 646, 647, 648, КО КРИВИ ДОЛ – ОПШТИНА ШТИП, ве известуваме дека **немаме** забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО** мислење

***4.Агенција за електорнски комуникации на РСМ(бр.1404-1724/2 од 13.10.2023*)**

Во врска Вашето барање за мислење, а во врска со изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол – општина Штип ве известуваме дека Агенцијата за електронски комуникации **нема забелешки** на доставениот Урбанистички план.

5. Македонски Телеком АД, Скопје (бр.55208 од 11.09.2023)

Согласно Вашето Барање за Мислење добиено преку информацискиот систем е-урбанизам за УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НАД 10MW КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО ДОБРОШАНИ, КП 646, 647, 648, КО КРИВИ ДОЛ – ОПШТИНА ШТИП, Ви доставуваме **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ**

6. А1 Македонија ДООЕЛ Скопје (бр.11-5620/1 од 24.10.2023)

Во врска со Вашето барање за доставување на мислење од општини/институции поднесено преку системот Е-Урбанизам со број на постапка 55208 креирано на 04.09.2023 година и наслов "УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НАД 10MW КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО ДОБРОШАНИ, КП 646, 647, 648, КО КРИВИ ДОЛ – ОПШТИНА ШТИП" доставено до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Ве известуваме дека издаваме **позитивно мислење.**

7. НОМАГАС АД-Скопје (бр.15-3759/2 од 04.09.2023)

Согласно вашето Барање за мислење бр. 0302/400/10 од 04.09.2023 година за УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НАД 10MW КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО ДОБРОШАНИ, КП 646, 647, 648, КО КРИВИ ДОЛ – ОПШТИНА ШТИП,

НОМАГАС АД Скопје ве известува дека дава **позитивно мислење**

8. Јавно претпријатие за државни патишта на РСМ (бр.10-8589/2 од 18.09.2023)

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, ги разгледа пристигнатите прилози, заверени со евиденвиски број на Јавното претпријатие 10-8589/1 од 05.09.2023 година: - Комплет урбанистички проект

Од доставените и разгледани прилози конститиран е дека, по однос на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип, Јавното претпријатие за државни патишта нема забелешки и дава **позитивно мислење**, бидејќи предметниот проектен опфат не се граничи со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

9. Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на РСМ-Скопје (бр.2001-4128/2 од 26.09.2023)

Во врска со вашиот барање со бр. 0302/400/10 од 04.09.2023 и бр. на постапка 1054/85208 од е урбанизам, со кое барате да ви доставиме мислење за работна верзија на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип, ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје Ве информираме следново: По разгледување на Вашето барање и доставената Ажурирана геодетска подлога, со граници на планскиот опфат констатиравме дека истиот се наоѓа надвор од железничкиот појас. ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје тука не планира изградба на нова железничка инфраструктура и воедно **нема забелешки на истиот.**

10. Агенција за цивилно воздухопловство (бр.12-8/1246 од 06.09.2023)

Врз основа на вашето барање ве известуваме дека стручните служби на Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледа доставената техничка документација: Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип изработена од ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје тех.бр.400/22 од Септември 2022 год., при што констатирено е дека

забелешките дадени од наша страна со дописот бр.12-8/241 од 21.02.2023 година а кои се однесуваат на безбедност на воздушниот сообраќај се запазени/вградени во доставената проектна документација.
Врз основа на горе наведеното издаваме **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** на предметната документација од аспект на безбедност на воздушниот сообраќај.

11. Дирекција за заштита и спасување подрачно одделение Штип (бр.09-209/2 од 02.10.2023)
Мислење за застапеноста на мерките за заштита и спасување во изработка на ,, Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип, Дирекцијата за заштита и спасување од извршениот увид на поднесената проектна документација ,, Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип констатира дека мерките за заштита и спасување во документацијата се соодветно вградени, врз основа на што Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение за ЗиС-Штип, **дава позитивно мислење**.

12. Управа за заштита на културно наследство (бр.17-769/4 од 29.09.2023)
Управата за заштита на културно наследство, орган во состав на Министерството за култура, го разгледа вашето барање за мислење за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип.
Врз основа на доставената документација и во согласност со доставените податоци Управата за заштита на културно наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во граници на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека преставуваат културно наследство. Во текстуалниот дел од планот евградена е обврската, во случај да се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/16, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 20/19).
Со оглед на тоа, од аспект на заштита на културното наследство, усвојувањето на планот **може да продолжи**.

13. Министерство за внатрешни работи – Оддел за информатика и телекомунуикации, Сектор за телекомуникации, Скопје (бр. 11.2.102929/2 од 2.10.2023)
Во врска со Вашето барање, Ве известуваме дека за посочената локација (Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип) немаме податоци за постоење на наши инсталации.Доколку во текот на изведување на градежни работи се појават телекомуникациони инсталации, задолжително да бидеме информирани.

14. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ- Сектор за регистрирање, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост (бр.40-8080/2 од11.09.2023)

Во врска со вашето Барање за податоци и информации под бр. 0302/400/10 од 4.09.2023 год, согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20) за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип,Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство Ве известува со следното:

Согласно доставената документација и увид во истата констатирано е дека:

Предметното земјиште на КП 25, КП 27, КП 46, КП 47 и КП 70 викано место Русева Чешма и Чаир Јери, катастарската култура нива, пасиште, кататсарска класа 5 и 6 со ИЛ 121 за КО Доброшани се во приватна сопственост.

Во колона Г9 .з Други факти има Долготраен закуп за земјиште на КП 25, 27, 46, 47 и 70.

Предметното земјиште на КП 646, КП 647 и КП 648 м.в. Дамјанец, катастарската култура нива и камењар, катастарска класа 6 со ИЛ бр. 48, Криви Дол, се во државна сопственост.

Според известувањето од ПЕ Штип под арх. Бр. 56-78/2 од 07.03.2023 за катастарските парцели 646, 647 и 648, Министерсвото за земјоделство, шумарство и водостопанство нема склучено договор за закуп.

Предметното земјиште на КП 40 м.в. Русева Чешма, катастарска култура гнз, катастарска класа/ со имотниот лист бр.4 за КО Доброшани е во државна сопственост.

Катастарските парцели со катастарска култура ГНЗ не преставуваат земјоделско земјиште, Согласно законот за земјоделско земјиште, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство нема надлежност над предметните катастарски парцели.

Предметното земјиште на КП 41, КП 57 и КП 83 м.в. Чаир Јери и Слатино, катастрската култура пасишта, катастарска класа 5 и 6 со имотниот лист бр. 1 за КО Доброшани се во државна сопственост.

За катастарските парцели со катастарска култура ПАСИШТА треба да се обратите до ЈП за стопанисување со пасишта.

15. Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор природа (арх.бр.11-5414 од 15.11.2023)

Во врска со доставениот допис со акт бр. 11-5414/1 од 22.09.2023) од страна на Тектон ДООЕЛ од Скопје, кој се однесува на барање на податоци и информации за постапка за изработување и одобрување Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип, Сектор природа при Управата за животна средина како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање од аспект на своите надлежности од областа на заштита на природата и увидот на доставената документација, Ве известува за следното:

Врз основа на приложената документација од Ваша страна – Ажурирана геодетска подлога со нанесен проектен опфат и мислење од страна на Службата за просторен информативен систем (допис бр. 16-5414 од 19.10.2023) констаитирано е дека просторот на горенаведената предметна локација се наоѓа во Емералд подрачје – Богословец кој е дел од Националната Емералд мрежа на подрачја од посебен интерес за зачувување (ASCI) .Овие подрачја се назначени со цел зачувување на мрежата на природни живеалишта согласно Бернска Конвенција која е ратификувана од нашата држава.

Воедно просторот на гореневедената предметна локација не влегува во граници на заштитени подрачја утврдени со закон и не влегува во граници на идентификувани Натур 2000 подрачја,

Во системот е урбанизам бр. 55208 (04.09.2023 и 29.09.2023) аплицирана е работна верзија на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип за мислење од надлежни органи и субјекти со јавни овластувања.
Не е добиено мислење од:

1. Јавно Претрпијатие за стопанисување со шумите во државна сопственост „Национални шуми“-Скопје
2. ЈП.Македонски шуми Скопје
3. МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
4. Министерство за животна средина и просторно планирање на РСМ
5. МЖСПП - Сектор за води
6. Министерство за економија на РСМ
7. Министерство за одбрана на РСМ
8. ДЗС Централа(исклучиво за Министерство за транспорт и врски)
9. ДЗС Централа (1 Категорија)
10. ЈП Исар-водовод и канализација
11. ЈП Исар Штип
12. ЕЛЕМ
13. Агенција за електронски комуникации
14. Општина Штип

АД Водостопанство на РСМ - Скопје
SHA Ekonomia e Ujërave të RMV-Shkup
ул. 3 - та Македонска бригада 1 бр.10 а Скопје тел. 02/5116-401;02/5116-402
rr. Brigada e 3- të Maqedonase 1 nr. 10 a Shkup tel. 02/5116-401; 02/5116-402
jpvodostopanstvo@yahoo.com / advodostopanstvo_rm@hotmail.com

Акционерско друштво Водостопанство на Република
Северна Македонија во државна сопственост
Shoqëria Aksionare Ekonomia e Ujërave e Republikës
së Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore
Бр.-Nr. 11-2193/3
16.10 2023 год./viti
Скопје/Shkup

До: „ Тектон" ДООЕЛ - Скопје
ул." Народен Фронт " бр. 5/12 1000 Скопје

Предмет: Известување
Врска: Ваш бр. 0302/400/14 од 22.09.2023 и наш бр. 2193 од 28.09.2023

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,
Во врска Вашето барање бр. 0302/400/14 од 22.09.2023 и наш бр. 2193 од 28.09.2023 за изработка и одобрување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 – површински солрани и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол – општина Штип,

Ве известуваме:
